# Општинско основно училиште

# „Александар Урдаревски“ Сандево,Скопје

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работата и постигнатите резултати на училиштето на крајот од учебната 2023-2024 година**

**Јуни, 2024 година**

**Сандево-Скопје**

## ***Лична карта и историјат на училиштето***

ООУ „Александар Урдаревски“ е основно општинско училиште во Општината Чучер-Сандево – Скопје, основано 1963 година. Училиштето се наоѓа во с.Сандево на ул.1 бр.11 Училишната зграда е од тврда градба и се состои од приземје, кат и подрумски простории и се загрева со сопствено греење.

Во училиштето учат ученициод прво до деветто одделение од реонот на училиштето во кој се опфатени децата од селата Сандево,Мирковци,Горњани,Бањани,Чучер,Глуво и Бразда.

Училиштето има воспитно-образовна дејност која се реализира преку наставата,вонnаставните активности, грижа за здравјето на учениците,следење,вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа.Нашето училиште е модерно, современо училиште кое овозможува квалитетен програм што може да одговори на современите потреби и да ги следи научно-технолошките достигнувања. Училиште во кое тимски се работи, развива одговорност, поттикнува креативност и овозможува сестран развој на личноста на детето. Подржуваме современи методи на учење и користиме информатичко-технолошка комуникација во наставната пракса, оспособувајќи ги учениците за самостојно учење но, и примена на стекнатите знаења во понатамошното школување.



## ПРОЕКТИ ВО УЧИЛИШТЕТО

- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- Јазична писменост во почетните одделенија
- Поврзување на еколошката програма со редовната настава.
- „Инклузија на деца со ПОП“
- Еразмус +, еТвининг
- Математика со размислување
- „Нула отпад“
- „Предизвикот за млади истражувачи #5 – ЗЕЛЕНИ ПРОЕКТИ“

## Лична карта на училиштето

ООУ „Александар Урдаревски“ е основно општинско училиште во општина Чучер-Сандево, Скопје, основано 1963 година. Училишната зграда е од тврда градба и се состои од приземје, кат и подрумски простории и се загрева со сопствено греење. Во училиштето учат ученици од прво до деветто одделение од регионот во кој се опфатени децата од селата Сандево, Чучер, Мирковци, Горњани, Бањани, Глуво и Бразда.

**АДРЕСА**

ул 1 бр 11 с Сандево
Чучер- Сандево



**КОНТАКТ**

Телефон 02 2666 090
Факс 02 2666 088

e-mail: aurdarevski10@yahoo.com
http://www.ooualeksandarurdarevski.edu.mk/

МИСИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО

Примена на најсовремени средства и методи за современа настава, стекнување на применливи знаења, промовирање еднаквост, разновидност, почит, тимска работа во самиот колектив и помеѓу нашите деца-ученици.

**АКТИВНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ, РОДОВА ЕДНАКВОСТ, МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА, РАЗВИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ И ГРИЖА ЗА ОКОЛИНАТА.**

ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

„Модерно, современо, инклузивно и ефективно училиште, во кое учениците ќе стекнуваат квалитетни и трајни знаења, кои ќе ги применуваат во понатамошното школување и ќе придонесат за нивниот личен развој“



**ООУ„АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ“- Сандево**
**ЧУЧЕР-САНДЕВО, СКОПЈЕ**

## Користење на различни приоди, форми и методи во наставата

УЧЕЊЕ ПРЕКУ ИГРА



УЧЕЊЕ ПРЕКУ ИСТРАЖУВАЊЕ





ПРОЕКТНО УЧЕЊЕ



УЧЕЊЕ СО ПРИМЕНА НА ТЕХНОЛОГИЈА



*Сензорна соба*



Современа настава која се темели на:
- инклузивност
- меѓуетничка интеграција
- родова еднаквост

Заеднички манифестации и приредби



*Спортски натпревари*





**Воннаставни активности:**

Ги негуваме индивидуалните интереси и способности на учениците. Активности од областа на наука, уметност, спортот, училишен хор, оркестар, драмско – рецитаторска и сл.



Училиштето работи во една смена. Првиот час започнува во 7 часот и 40 минути. Последниот час завршува во 13 часот.

1час 07:40-08:20
2час 08:25-09:05
голем одмор
3час 09.20-10:00
4час 10.05-10:45
5час 10:50-11:30
6час 11:35-12:15
7час 12.20-13:00

## Општи податоци за основното училиште

Општинско Основното училиште „Александар Урдаревски” – с. Сандево, Скопје, се наоѓа на ул. 1 бр.11 општина Чучер-Сандево, во кое се остварува задолжителното основно образование и е дел од единствениот државен воспитно-образовен систем. Воспитно-образовната работа во училиштето се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

**Табела со општи податоци**

| Податоци | |
|---|---|
| **Име на основното училиште** | ООУ,,Александар Урдаревски,, |
| **Адреса, место, општина** | Ул.1 бр.11 с.Сандево, Чучер-Сандево |
| **Телефон** | 02 2666-098 |
| **Факс** | 02 2666-096 |
| **Веб-страница** | http://www.ooualeksandarurdarevski.edu.mk/ |
| **Е-маил** | aurdarevski10@yahoo.com |
| **Основано од..** | Општина Чучер-Сандево |
| **Верификација-број на актот** | 10-1622/2 од 19.01.1995 |
| **Година на изградба** | 1963 |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Внатрешна површина на училиштето (m2)** | 2901 m2 |
| **Училиштен двор (m2)** | 22 455 m2 |

| | |
|---|---|
| **Начин на загревање на училиштето** | Сопствено , на нафта |
| **Училиштето работи во смени** | Не |
| **Број на паралелки** | 15 |
| **Број на комбинирани паралелки** | / |
| **Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето** | Македонски јазик |
| **Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | / |
| **Во основното училиште има паралелки од музичко училиште** | / |
| **Во основното училиште има ресурсен центар** | / |
| | / |

| | |
|---|---|
| **Други податоци карактеристични за основното училиште** | |

**Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште**

| **Членови на училишен одбор (име и презиме)** | **Претставници од основачот**<br>**( Општина Чучер-Сандево )**<br>Игор Левајковски - член<br>**Претставници од родителите или старатели**<br>**Убавка** Русовска - член<br>Христина Кајевиќ - член<br>Марина Пршевска -претседател на УО<br>**Претставници од редот на наставниците**<br>Игор Беличански-член<br>Верче Славковиќ- член<br>Даниела Периќ- член |
|---|---|
| **Членови на советот на родители (име и презиме)** | I а- Даниела Цепиќ<br>I б- Емилија Јовчевска<br>II- Наташа Каровска<br>III – Миодраг Кајевиќ<br>IV а- Бојан Копчаревски<br>IV б – Милена Ќуксановиќ<br>V- Билјана Груевска<br>VI а - Александра Балшиќева<br>VI б - Суза Беличевска<br>VII а- Јадранка Манџуковска<br>VII б- Марина Пршевска<br>VIII а- Јелена Варсакевска<br>VIII-б- Елизабета Поповска<br>IX а- Убавка Русовска<br>IX б- Христина Кајевиќ |

| | |
|---|---|
| **Стручни активи (видови)** | **Општествено-јазичен актив**<br>Одговорен наставник: Даниела Периќ<br>**Природно-математички актив**<br>Одговорен наставник: Милена Митревска<br>**Одделенски актив**<br>Одговорен наставник: Кристина Јаневска |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | Одделенски совет на одделенска настава 8<br>Одделенски совет на предметна настава 7<br>(записничар- Маја Тапарчевиќ ) |
| **Членови на училиштниот инклузивен тим (име и презиме)** | 7 члена –Сузе Велковска Радевска, Ана Радосављеви-специјален едукатор и рехабилитатор, Гордана Чанговска-социолог, Павлинка Стоилковска одделенски наставник, Николина Ѓорчевска предметен наставник, Весна Пешевска-родител, Анета Пислевиќ-родител |
| **Заедница на паралелката (број на ученици)** | 15 ученички заедници– ученици |
| **Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)** | 15 ученици<br>претседател: Матеа Пејковска |
| **Ученички правобранител** | Викторија Варсаќевска |

**Податоци за училишниот простор**

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Број на подрачни училишта** | / |
| **Бруто површина** | 25356 м2 |
| **Нето површина** | 2901 м2 |
| **Број на спортски терени** | / |
| **Број на катови** | Приземје со кат |
| **Број на училници** | 15 |
| **Број на помошни простории** | 4 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Сопствено , на нафта |

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) |
|---|---|---|
| **Училници** | 15 | 742,3м2 |
| **Кабинети** | 4 | 49,31м2 |
| **Библиотека** | 1 | 17,92м2 |
| **Медијатека** | 1 | 18м2 |
| **Читална** | / | / |
| **Сензорна соба** | 1 | 18м2 |
| **Спортска сала** | 1 | 224,58м2 |
| **Канцеларии** | 5 | 112,6м2 |
| **Училиштен двор** | 1 | 22455м2 |
| **Заеднички простор за прослави** | 1 | 116,1м2 |
| **Кујна** | 1 | 6,67м2 |
| **Трпезарија** | / | / |
| **Друго** | | 1632м2 |

**Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“**

Училишниот објект, училниците и другите простории во училиштето се пристапни и пријатни за престој на учениците и за одвивање на наставата. Училиштето континуирано инвестира во подобрување на условите за престој во училиштето, како и во осовременување и унапредување на образовниот процес преку континуирано обновување на опремата и наставните средства. Сите училници се опремени со лаптопи или статични компјутери и проектори, две училници се опремени со смарт табли. На располагање на наставниците им се шест принтера, принтер во боја како и принтерите кои ги има стручната служба и ламинатор.

Кабинетот информатика е комплетно опремен со лаптопи за сите ученици и смарт табла. Опремени се со нагледни средства и кабинетите по географија, историја, јазичните кабинети и кабинетот по природни науки.
Набавени се дел од потребните нагледни средства за музичко образование и физичко и здравствено образование.

| ***Р.б.*** | **Опис на материјално-технички услови** | ***Количина*** |
|---|---|---|
| *1* | Персонални компјутери | 10 |
| *2* | Лаптопи за ученици | 25 |
| *3* | Лаптопи администрација и за наставници | 11 |
| *4* | Мултифункционален принтер | 10 |
| *5* | Систем за озвучување | 1 |
| *6.* | LCD Проектор | 17 |
| *8* | Радиокасетофон | 5 |
| *9* | пијано | 1 |
| *10* | Телевизор СТ | 1 |
| *11* | Bluetoot звучник | 1 |
| | | |

**Податоци за училишната библиотека**

| Ред.број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1. | Учебници | 2574 |
| 2. | Лектири | 6200 |
| 3. | Стручна литература за наставници и стручни соработници | 400 |
| 4. | Сериски публикации | 2700 |

## *Извештај за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година*

Во текот на учебната 2023/2024 реализирани се следните активности за подобрување на условите за обновување и адаптација во училиштето:

- Изградба на ново мултифункционално спортско игралиште;
- Реновирање на спортската сала;
- Обновена фасада на задниот дел од фискултурната сала;
- Реконструиран скалишен простор;
- Отворен втор влез/излез на училиштето;
- Реновирани и адаптирани во пристапни тоалетите(машки и женски) на долниот кат;
- Хортикултурно и естетско уредување на училишниот двор и училишната зграда;
- Обезбедени проектори за сите училници;
- Збогатен библиотечен фонд со нови лектирни дела;
- Донација на клупи и ИТ опрема од општествено одговорната компанија Bto Bet;
- Набавен колор принтер, ламинатор
- Започната доградба на просторија за дневен престој
- Нови завеси на долниот кат
- Реновиран е подот на влезот од училиштето

# ЕСТЕТСКО УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ:

Естетско уредување на училишниот хол, ходниците,просторот пред фискултурната сала училниците и кабинетите.
Изложување на информативни материјали на огласни табли за ученици, родители и наставници за активности кои се реализираат во училиштето. Изложување н ученички трудови на паноата во училниците и ходниците.
Создавање пријатно чувство кај учениците, родителите и останатите вработени

| **Реализирана програмска активност** | **Време на реализациј а** | **Реализатор** | **Целна група** | **Постигнати цели и остварени ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Уредување на училниците и останатите простории | Август Септември, 2023 | Директор, стручни соработници, наставници | Училиште, ученици | Подготвени услови за успешна работа на училиштето и реализација на воспитно-образовниот процес во учебната 2023/24 година. |
| Уредување на катчињата во училишниот хол и ходниците во училиштето | Август Септември, 2023 | Наставници | Наставниц и, ученици, Родители | Разубавен на естетски изглед на училишниот хол и ходниците. Известени родители и ученици со потребни информации за активностите на училиштето по катчињата во холот и пред училниците. |
| Уредување на школскиот двор по повод свечениот прием на учениците во прво одделение | Август Септември, 2023 | Директор, стручни соработници, наставници | Училиште, ученици, Родители | Разубавен простор на училишниот двор и создадено пријатно чувство кај учениците, родителите и останатите присутни гости на свечената приредба. |
| Разубавување на паноата во училниците и ходниците согласно годишните времиња и тековните празници. | Во текот на годината | Наставници, ученици | Наставниц и, ученици | Разубавен просторот во училиштето и создавање убаво чувство во него. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Украсувањена училниците, училишниот холи останатите простории по повод Новогодишниот хепенинг и Нова Година | Декември, 2023 | Директор, наставници, стручнисора ботници, членовина тимот, ученици | Наставниц и, ученици, родители | Украсени училници со Новогодишни елки и декорации, разубавен простор и создадено пријатно чувство кај учениците, родителите и останатите вработени. |
| Естетско уредување на училишниот двор поповод Патрониот празник на училиштето | Април-мај, 2024 | Директор, наставници, стручни соработници, ученици | Наставниц и, ученици, родители | Разубавувањенапросторотнаучилишниот двор и холот, создавање пријатно чувство кај учениците, родителите и останатите присутни гости на одбележувањето на Патрониот празник на училиштето. |
| Украсување на училниците, училишниот хол и останатите простории по повод Велигденскиот хепенинг и празникот ВЕЛИГДЕН. | Април, 2024 | Директор, наставници, стручнисора ботници, членовина тимот, ученици | Наставниц и, ученици, родители | Украсени училници со Велигденски декорации, разубавен простор и создадено пријатно чувство кај учениците, родителите и останатите вработени. |

## ***Податоци за вработените и учениците во основното училиште***

### Број на ученици и паралелки на крајот на учебната 2023/2024 година

Во оваа учебна година во училиштето имаме вкупно 15 паралеки, од кои 7 паралелки во одделенска настава и 8 паралелки во предметна настава со вкупно 234 ученици.

| Одд. | Број на пара-лелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 2 | 25 | 17 | 8 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| II | 1 | 21 | 11 | 10 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| III | 1 | 18 | 8 | 7 | / | / | / | / | 1 | 1 | 1 | / | / | / |
| IV | 2 | 27 | 19 | 3 | / | / | / | / | 5 | / | / | / | / | / |
| V | 1 | 25 | 11 | 12 | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / |
| I-V | 7 | 116 | 66 | 40 | / | / | / | / | 7 | 2 | 1 | / | / | / |
| VI | 2 | 28 | 10 | 12 | / | / | / | / | 2 | 4 | / | / | / | / |
| VII | 2 | 28 | 12 | 10 | / | / | / | / | 3 | 4 | / | / | / | / |
| VIII | 2 | 35 | 15 | 8 | / | / | / | / | 6 | 2 | / | / | / | / |
| IX | 2 | 27 | 10 | 17 | / | / | / | / | / | 4 | / | / | / | / |
| VI-IX | 8 | 118 | 47 | 47 | / | / | / | / | 11 | 14 | / | / | / | |
| I-IX | 15 | 234 | 113 | 87 | / | / | / | / | 18 | 16 | / | / | / | / |

**Ненаставен и наставен кадар**

Наставата ја изведуваат наставници со соодветна стручна подготовка која одговара на потребите за воспитно-образовната дејност во училиштето.

Во наставата вклучени се 27 наставници и тоа: 7 одделенски наставници и 1 наставник за дневен престој за во предметна настава предаваат 19 наставници, од кои 9 наставници дополнуваат часови и во други училишта.

| Одделенска настава | Предметна настава | Стручна служба | Административна служба | Технички персонал | Директор | Вкупно вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 21 | 3 | 1 | 5 | 1 | 39 |

| Кадар | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 38 | 4 | 30 | | | | | 1 | 3 | | | | |
| Број на наставен кадар | 27 | 3 | 20 | | | | | 1 | 3 | | | | |
| Број на воспитувачи | / | | | | | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 4 | 1 | 3 | | | | | | | | | | |
| Администра-тивни работници | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошно-технички кадар | 5 | 1 | 4 | | | | | | | | | | |
| Директор | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Помошник директор** | / | | | | | | | | | | | | |
| **Образовни медијатори (доколку се ангажирани во училиштето)** | / | | | | | | | | | | | | |

## ***Извештај за реализација на наставата во учебната 2023/2024година***

Изработен е **Куќен ред и Кодекс** на однесување за учениците и наставниците, со кои беа запознати на почетокот на учебната година. Кодексот за родители е истакнат на првата родителска средба. Сите кодекси и протоколи се истакнати и во училиштето и на нашата веб страна.

Наставата е утврдена со новите наставни планови и програми согласно Решението од МОН со сите измени и дополнувања.Таа ги опфаќа: задолжителните предмети и изборните предмети кои учениците ги бираат за таа година и нивната оценка влегува во средниот успех на ученикот.Сите одделенски и предметни наставници до 31.08.2023год. ги предадоа своите глобални и тематски планирања, изработени согласно актуелните наставни планови и програми.

**Организација на задолжителна настава**

Училиштето наставата ја изведува во согласност со Календарот за организација и работа на училиштето во учебната 2023/2024 година и Годишната програма за работа на училиштето.

.

Учебната година во основното училиште започна на 1 Септември 2023 година, а завршува на 31 Август 2023 година.

Задолжителната настава во училиштето е навремено организирана и започна на 01.09.2023 год и заврши на 17 Јуни 2024 година.
- Наставната година ја сочинуваат две полугодија – I и II полугодие.
- Првото полугодие започна на 1 Септември 2023 година, а заврши на 29 Декември 2023 година.
- Второто полугодие започна на 22 јануари а заврши на 17 јуни 2024година.

Во текот на учебната година учениците користат зимски, пролетен и летен одмор.
- Зимскиот одмор започнува на 30 Декември 2023 година и оваа година заврши на 19Јануари 2024 година.

Пролетниот распуст започна на 29 април и заврши на 6мај 2024година.

- Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.
-наставниот час трае 40 минути.

Задолжителната настава е организирана по одделенија од I до IX по наставните предмети согласно наставниот план и програми за ВОД на основните училишта, според однапред утврден распоред на наставните часови.

Наставниот план и програма за учебната 2023/2024 година беа реализирани во целост. Сите ученици се позитивно оценети и се со примерно поведение.

На Наставничките Совети одржани на ден 17.06.2024 и 18.06.2024 годинаутврден е успехот и поведението на учениците на крајот на учебната година и констатирано е дека Наставниот план и Програми по сите наставни предмети во сите одделенија и паралелки на крајот на учебната година целосно се реализирани.
Планирањата на наставата се квалитетни, наставниците планираат и спроведуваат формативно оценување за подобри постигања на учениците и пореално оценување. Увид во планирањата и посета на часови се врши од страна на директорот и социологот. Согласно Законот за основно образование, во училиштето успехот и постигањата на учениците се бележат во евидентни листови.
Задолжителен странски јазик во училиштето е англискиот јазик, кој се изучува од прво до деветто одделение. За изведување на наставата по англиски јазик од прво до петто одделение се вклучува наставник по англиски јазик. Вториот странски јазик се изучува од шесто до деветто одделение. Дел од учениците од 6то,7мо и сите од 9то одделение изучуваат француски јазик а дел учениците од 6то, 7мо и 8мо одделение германски јазик.

За дополнителна и додатна настава секој месец се изработува распоред кој е истакнат на огласната табла во училиштето и веб страната на училиштето.

Преку слободните ученички активности училиштето овозможи сите ученици кои имаат афинитет и талент кон одредена област да можат лично да се активираат, искажат и афирмираат.

И оваа година во училиштето е организиран дневен престој со топол оброк за учениците од прво до трето одделение.Во дневниот престој престојуваат 23 ученици.

## Изборна настава

Учениците според Новата концепеција за основно образование за слободен изборен предмет го одбраа и изучуваапредметот

- 4 а одд - Градинарство во прво полугодие и Шах во второ полугодие.
- 4б одд - Градинарство во прво полугодие и Шах во второ полугодие.
- 5 одд. – Заштита на животната средина/Образование за животни вештини
- 6а одд- Религии во светот/ Класична култура во Европската цивилизација
- 6б одд- Религии во светот/ Класична култура во Европската цивилизација

Изборните предмети даваат можност учениците да ги прошират и продлабочат знаењата по одделени наставни предмети и да ги развиваат своите способности.

На крајот на наставната 2023/2024 година на учениците им беа понудени изборни предмети за учебната 2024/20245година. Врз основа на спроведените анкети кај родителите на учениците ги ибраа следните изборните предмети:

| одделение | Наставен предмет |
|---|---|
| IV | Математички игри/ Финансиска писменост |
| Va | Финансиска писменост/Фудбал |
| Vб | Фудбал/ Финансиска писменост |
| VI | Готвење/ Модерен танц |

| | |
|---|---|
| VIIа | Ликовно образование/ Готвење |
| VIIб | Ликовно образование/ Готвење |
| VIIIа | Проекти од ликовна уметност |
| VIIIб | Вештини за живеење |
| IXа | Истражување на родниот крај |
| IXб | Истражување на родниот крај |

**<u>Дополнителна настава</u>**

Дополнителна настава се реализираше со учениците кои имаа потешкотии со учењето и заостануваа по пооделни предмети во рамките на задолжителната настава, имаа по две слаби оценки,отсуствувале од наставата по одреден наставен предмет и по барање на ученикот односно неговиот родител/старател.Уште на почетокот од учебната година сите наставници ја изготвуваа програмата за дополнителна настава, а беше изработен и истакнат распоред за одржување на дополнителна настава за сите наставници и истакната на огласната табла и на веб страната на училиштето.

**<u>Додатна настава</u>**

Додатна настава се реализираше со учениците кои постигнуваат посебни резултати по пооделни предмети со учење и напредуваат во рамките на задолжителната настава.Уште на почетокот од учебната година сите наставници изготвуваа и доставуваа програма за одржување на додатна настава, а беше и изработен и истакнат распоред за одржување на додатна настава за сите наставници.

**Оценување**

Оценувањето на учениците преку целата учебна година беше објективно, непристрасно и транспарентно, а исто така и постигнатиот успех на учениците во оваа учебна година е објективен и издржлив во однос на добиените знаења на учениците.Годишниот извештај за оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Одделенскиот раководител редовно ги информира родителите со евидентен лист на полугодие и на крај на учебната година за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето.

**Успехот на учениците**

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците и за истото подготвува тековни извештаи.Стручниот соработник изготвува анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвува и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки, редовноста, бројна состојба на учениците, етничка припадност за 3 години наназад.

Учениците од I-III одделение на крајот на учебната година се оценети описно,а успехот на учениците од IV-IX одд. е даден во следната табела:

| Одделение | вкупно ученици | | Одлични | Мн.добри | добри | Доволен | Ср.успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вк | ж | | | | | |
| IVa | 15 | 1 | 8 | 5 | 2 | / | 4.40 |
| IVб | 12 | 2 | 8 | 6 | / | / | 4.66 |
| V | 25 | 13 | 16 | 5 | 3 | / | 4.35 |
| IV-V | 52 | 16 | 32 | 16 | 5 | / | 4.47 |
| VIa | 14 | 3 | 11 | 2 | 1 | / | 4.66 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VIб | 14 | 5 | 7 | 6 | 1 | / | 4.33 |
| VIIа | 13 | 6 | 6 | 7 | / | / | 4.48 |
| VIIб | 15 | 7 | 10 | 5 | / | / | 4.44 |
| VIIIа | 18 | 7 | 9 | 8 | 1 | | 4.44 |
| VIIIб | 17 | 7 | 5 | / | 7 | 5 | 4.00 |
| IXа | 13 | 7 | 8 | 4 | 1 | / | 4,44 |
| IXб | 14 | 10 | 7 | 4 | 3 | / | 4,26 |
| VI-IX | 118 | 52 | 63 | 36 | 14 | 5 | 4,38 |
| **IV-IX** | **170** | **68** | **95** | **52** | **19** | **5** | **4.42** |

| **Успех по национален состав** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Успех | **Македонци** | **Албанци** | **Срби** | **Роми** | **Турци** |
| **Одлични** | 85 | / | 15 | / | / |
| **Мн.добри** | 37 | / | 11 | / | / |
| **Добри** | 15 | / | 2 | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Доволни** | 5 | / | / | / | / |
| **Недоволни** | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | 142 | / | 28 | / | / |

| **Успех по полова припадност** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одлични** | | **Мн.добри** | | **Добри** | | **Доволни** | | **Недоволни** | |
| м | ж | м | ж | м | ж | М | ж | м | ж |
| 45 | 55 | 25 | 23 | 13 | 4 | 4 | 1 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | | | | | | | | |
| 100 | | 48 | | 17 | | 5 | | 0 | |

## <u>Редовност и поведение</u>

| **Одд.** | **Оправданиизостаноци** | **Неоправдани изостаноци** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| I | 0 | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Iб | 190 | 0 | 190 |
| IIa | 0 | 0 | 0 |
| IIIa | 345 | 0 | 345 |
| IVa | 374 | 0 | 374 |
| IVb | 397 | 0 | 397 |
| Vb | 324 | 0 | 324 |
| **Одд.** | **Оправдани** | **Неоправдани** | **Вкупно** |
| VIa | 105 | 0 | 105 |
| VIб | 223 | 0 | 223 |
| VIIa | 398 | 8 | 406 |
| VIIб | 125 | 21 | 146 |
| VIIIa | 143 | 4 | 147 |
| VIIIб | 353 | 11 | 364 |
| IXa | 513 | 17 | 530 |
| IXб | 441 | 0 | 441 |
| **I-IX** | **3931** | **61** | **3992** |

Во однос на редовноста скоро сите оправдани изостаноци се оправдани со медицинска белешка а неоправданите се направени поради доцнење на час. Во текот на учебната 2023-2024 година беа изречени 8 Педагошки мерки од кои Усна опомена од одделенски раководител на 4 ученици;2 Писмени опомени од одделенски раководител;Укор од одделенски совет на 1 ученик,и на 1 ученик му беше поправено поведението од добро во примерно.

***Сите ученици се со примерно поведение.***

## Првенец на генерација

Оваа учебна година за првенец на генерација 2015-2024 година, беше избрана ученичката Весна Љадевиќ за континуиран одличен успех, примерно поведение и освоени награди.

## *Работа со ученици со посебни образовни потреби*

Училишен инклузивен тим во состав:

1. Сузе Велковска Радевска- директор
2. Ана Радосављавиќ-специјален едукатор и рехабилитатор
3. Гордана Поповска Чанговска – социолог
4. Павлинка Стоилковска-одделенски наставник
5. Николина Ѓорчевска-предметен наставник
6. Весна Пешевска-родител
7. Анета Пислевиќ-родител

Во нашето училиште имаме инклузирано ученици со различни посебни образовни потреби или потешкотии па во зависност од видот на ПОП за овие ученици во соработка со УИТ и ИТУ се изработуваат индивидуалните образовни планови,се применува и планира диференцирина пристап на работа,прилагодувања во училница и слично.Специјалниот едукатор и рехабилитатор преку својата годишна програма за работа има однапред испланирано кој период и на кои ученици ќе им дава помош и поддршка и ќе ги следи при работата.

| **Годишен извештај за работата на тимот на Инклузија за деца со посебни образовни потреби за учебната 2023/2024 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Планирани програмски активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Постигнати цели и очекувани ефекти |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изработена програма за работа на тимот за инклузија за деца со ПОП | јули, 2023 | Специјален едукатор и рехабилитатор, членови на УИТ | Наставници од одделенска и предметна настава | Подобрена работа на наставниците кои имаат ученици со ПОП. |
| Соработка со наставници и родители чии деца се идентификувани како ученици со ПОП | во текот на годината | Директор Специјален едукатор и рехабилитатор, социолог и наставници | Наставници од одделенска и предметна настава и родители чии деца се со ПОП. | Идентификувани 15 ученици со потешкотии во учењето. Реализирани советодавни разговори со наставниците и родителите и дадени насоки за работа со овие ученици. |
| Состанок со наставниците за изработување на ИОП -(индивидуални образовни планови) за работа со деца со ПОП и модифицирана програма. | септември, 2023 | Членови на УИТ | Наставници од одделенска и предметна настава | Дадени сугестии за поуспешно изработување на ИОП за двајца ученици и една модифицирана програма за работа на наставниците во текот на учебната година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Предлагање на ученици на кои им е потребна помош и индивидуален пристап и проценка | во текот на годината | Директор Специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, наставници | Ученици | Предложени се 2 ученици од II одделение и извршена е дефектолошка проценка. Утврдено е дека на учениците ќе им биде потреба дефектолошка помош и поддршка за успешна реализација на наставната програма за работа. |
| Упатување на учениците во релевантни установи за добивање на дополнително стручно мислење:<br>– Завод за ментално здравје на деца и младинци;<br>- Завод за рехабилитација на слух, говор и глас;<br>- Центар за функционална проценка и поддршка на деца и млади | во текот на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици | 2 учeницI беа упатени во Завод за ментално здравје на деца и млади и Центарот за функционална проценка и поддршка на деца и млади (МКФ). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Состанок на УИТ за разгледување на успехот и постигнувањата на учениците со ПОП во првото тримесечие | ноември, 2023 | УИТ | Ученици | Утврден успех постигнат од страна на учениците со ПОП во текот на првото тримесечие |
| Едукативно предавање и работилница по повод 3 Декември ,,Меѓународен ден на лицата со попреченост" | Декември, 2023 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици од V одделение | Подобро разбирање за полето на попреченост, со фокус на правата на лицата со попреченост и придобивки кои ќе произлезат од процесот на интеграција и инклузија на овие лица во секој аспект на социјалниот, економскиот и културниот живот. |
| Состанок на УИТ за разгледување на успехот и постигнувањата на учениците со ПОП во првото полугодие | јануари, 2024 | УИТ | Ученици | Утврден успех постигнат од страна на учениците со ПОП во текот на првото полугодие. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Едукативно предавање и работилница по повод 21 Март ,,Светскиот ден на лицата со Даунов синдром" | март, 2024 | УИТ | Ученици од ii одделение | Подигнување на свеста за лицата со Даунов синдром и запознавање со начинот на функционирање на овие лица и видот на поддршка и помош кои им се потребни со цел полесно интегрирање во средината. |
| Состанок на УИТ за разгледување на успехот и постигнувањата на учениците со ПОП во третото тримесечие | април, 2024 | УИТ | Ученици | Утврден успех постигнат од страна на учениците со ПОП во текот на третото тримесечие. |
| Состанок на УИТ за разгледување на успехот и постигнувањата на учениците со ПОП за крајот на учебната година | јуни, 2024 | УИТ | Ученици | Утврден успех постигнат од страна на учениците со ПОП во текот на учебната 2022/23 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување на полугодишен и годишен извештај на работата на тимот за ПОП за инклузија за учебната 2023/24 година | јануари, 2024<br>јуни, 2024 | УИТ | Училиште | Самоевaулирање за првото полугодие и на крајот од учебната година за реализираните активности кои се предвидени во програмата на тимот за работа со деца со ПОП . |

## ***Ученичко организирање и учество***

**Цели**: Учество на учениците во креирањето на позитивна клима за работа, градење и негување на другарство и соработка се основните придобивки за нивниот правилен развој и градење на нивната личност.
**Задачи**: Спроведување на активности за креирање на позитивна клима за работа, градење и негување на другарство.

### Ученичко учество и организирање

Учеството на учениците во демократските процеси во училиштето има особено општествено значење бидејќи преку него учениците учат за демократскиот начин на делување во училиштето и пошироко во заедницата. Училиштето овозможува активно учество на ученикот во одвивањето на сите активности и домени во училиштето кои се однесуваат на него. Ова подразбира обезбедување атмосфера и услови што ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат тоа мислење, како и градење механизми и процедури кои овозможуваат учениците да вршат влијание врз одлуките и случувањата во училиштето. Училиштето овозможува и учениците се здружуваат и активно учествуваат преку следните модели: одделенска/класна заедница, Ученички парламент, Ученик правобранител.

Во првото полугодие од учебната 2023/2024 година беа реализирани 4 средби меѓу претставниците на ученичкиот парламент со социологот со следните содржини:

1. 29.09.2023 год. - Конституирање на Ученичкиот парламент,Избор на претседател ,Избор на ученички правобранител и записничар Запознавање со Годишната програма на Ученичкиот парламент и Програмата на ученичкиот правобранител
   -Избран е претседател Матеа Пејковска,ученички правобранител е Викторија Варсаќевска (со мандат уште една година-избрана е минатата учебна година),записничар Викторија Цимбировска
2. 13.11.2023 год. - Разгледување на резултатите за постигнатиот успех на учениците во првото тримесечие за учебната 2023/2024 година;Реализација на дополнителна и додатна настава;Дискусија за оценување
3. 01.12.2023 год. Давање идеи и предлози за новогодишен хуманитарен базар и приредба; Запознавање со детски права – презентација
4. 15.12.2023 год. - Организирање предновогодишна хуманитарна акција за семејство од ранлива категорија (семејство на наши ученици) ; Информација за интегрална инспекција во училиштето

Во второто полугодие од учебната 2023 /2024 година беа реализирани 4 средби меѓу претставници на ученичкиот парламент со директорот на училиштето , педагогот и библиотекарот

1.Давање идеи и предлози за организирање приредба по повод патрониот празник на училиштето
2. Разгледување на резултатите за постигнатиот успех во првото полугодие од учебната 2023/2024 година
3. Разгледување на резултатите за постигнатиот успех во второто тримесечие од учебната 2023/2024 година
4.Давање идеи и предлози за прослава на полуматура на деветоодделенците.

## РАБОТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ

| **Реализирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Целна група** | **Постигнати цели и остварени ефекти** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Запознавање со работата и значењето на Ученичкиот парламент | Септември 2023 | Директор, Стручна служба одговорни наставници | Претседатели на одделенската заедница од 1 –9 одд. кои се членови на Ученичкиот парламент | Почитување и развивање на демократски принципи. |
| Информирање за актуелните проблеми на учениците и запознавање со активностите на училиштето | Континуирано | Одговорни наставници | Членови на Ученичкиот парламент | Решавање и отстранување на одредени проблеми преку дискусија и поголема информираност на учениците за тековните активности на училиштето. |
| Разгледување на успехот на учениците по периоди | Ноември Јануари Април Јуни | Стручна служба | Членови на Ученичкиот парламент | Запознавање на членовите на тимот со превентивни активности за насилно однесување кај младите и навремено спречување. |
| Дискусија за проблемите во совладување на наставните содржини и мерки за подобрување на односите меѓу учениците и ученик-наставник | Декември 2023 | Стручна служба | Членови на ученички парламент | Насоки за совладување на наставни содржини |

## Соработка со родителите

Соработка со родителите е исклучително важна, затоа училиштето ја реализира преку целата година, преку индивидуални или групни средби и разговори, родителски средби по паралелки како и преку Советот на родители.

Во текот на првото полугодие беа реализирани и 2 родителски средби, една на почетокот на учебната година, една по првото тримесечие. Во второто полугодие реализирани се 3 родителски средби , во месец јануари за полугодие, после второто тримесечие и информативна за карајот од учебната година . Реализирани се и вонредни родителски средби за учениците од 9то одд веднаш по почетокот на второто полугодие и пред крајот н аучебната година

Состаноците на Советот на родители редовно се одржуваа и на нив најчесто се разгледуваа тековни работи на училиштето.

Вклученост на родителите: Родителите се вклучуваат при организирање за одбележување на позначајни датуми, проекти кои ги организира нашето училиште, на родителските средби наставниците ги запознаваат родителите со наставните планови и програми, а исто така ги запознаваат и со можностите за вклучување во работата на училиштето. Родителите се редовно информирани за успехот, поведението и редовноста на своето дете, континуирано се известуваат за постигнувањата на учениците од одржаните натпревари, се запознаваат со водењето на Е-дневникот како и достапноста на истиот и др.

Во текот на оваа учебна година одржани се -5- состаноци.

## Извештај за реализирани воннаставни активност

**Во текот на учебната 2023/ 2024 година реализирани се активности во следниве подрачја:**

| Подрачја за реализација | Време на реализација |
|---|---|
| Спроведување на СУА (слободни ученички активности) различни клубови | Во текот на целата учебна година |
| Спроведување на различни ученички натпревари во одделението и меѓуодделенски натпревари | Во текот на целата учебна година |

| | |
|---|---|
| Одбележување на приредби и прослави по повод значајни настани и Патрониот празник на училиштето | Во текот на целата учебна година |
| Запознавање со културно-историските вредности во родниот крај | Во текот на целата учебна година |
| Советување на учениците за правилен однос на јавни места, кон болни и постари лица | Во текот на целата учебна година |
| Советување на учениците за правилен меѓусебен другарски однос и правилен однос кон вработените | Во текот на целата учебна година |
| Спроведување на форми и мерки за постигнување на подобар успех во учењето | Во текот на целата учебна година |

## Извештај за реализирани вонаставни активности за учебната 2023/2024 година

### Септември

1. 03.09.2023 - Прием на првачиња со кратка приредба
2. 12.09.2023 - Работилница по природни нуки со учениците од 6 одд - Мерење на физички својства.
3. 19.9.2023 - Одбележување на Светскиот ден за заштита на озонската обвивка со учениците од дневен престој
4. 20.9.2023 натпревар во составување на сложувалки по Природни науки на тема: Скелет, мускули и внатрешни органи, квиз на знаење со учениците од 3 одделение.
5. 21.9.2023 - Одбележување на светскиот ден без автомобили со повеќе активности со учениците од 5 до 9 то одделение како и со учениците од дневен престој.
6. 25.9.2023 - Ликовна колонија со мото:„Погледот од моето училиште“, по повод 26 ти Септември Светски ден на чистите планини.
7. 27.9.2023 - Есенска работилница со учениците од 3 одделение.

### Октомври

1. 03.10.2023 год. - Одбележување на Светскиот ден за заштита на животните во рамките на проектот „Еко училиште“ преку фотографирање на своите домашни миленици

2. 05.10.2023 год – Одбележување на Светскиот ден на учителот со кратка приредба во училишниот хол во чест на сите наставници
3. 05.10.2023 год.- Одбележување на детска недела,под мотото:,,И јас сум дете,и јас имам свои права" со учениците од II одделение
4. 06.10.2023 год. - Одбележување на детска недела под мотото: "Јас и светот околу мене" по кој повод првачињата дадоа ветување и станаа членови на детската организација.
5. 09.10.2023 год. - Обележување на „Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата“ со воннаставна активност која развива алгоритамско размислување и свест за селектирање отпад.
6. 16.10.2023 год. - Одбележување на меѓународен ден на храната, ден на акција против гладот со меѓуодделенски квиз на тема „Здрава храна“ со VII одд.
7. 17.10.2023 год. - Промовирање и запознавање со проектот „Од ѓубре до ѓубриво“ преку едукативна презентација со учениците од VI до IX одделение.
8. 18.10.2023 год. - Прва работилница со клубот за превенција од проектот „Безбедност во училиштата“ реализирана од страна на полициски службеници на тема „Трговија со деца“.
9. 19.10.2023 год. - Посета на Кабинетот на претседателот Стево Пендаровски во рамки на Отворен Кабинет со учениците од IX одд.
10. 20.10.2023 год. - Одбележување на Светски ден на јаболкото со работилница со учениците од IV одд. и нивните родители.
11. 24.10.2023 год. - Систематски преглед и вакцина за I одд. и вакцина за II одд. во Поликлиника Чаир
12. 24.10.2023 год. - Едукативно предавање на тема Булинг со учениците од VI до IX одд. со наставничката Весна Вучковска
13. 24.10.2023 год. - Посета на ЈНУ Хидробиолошки завод, Охрид со учениците од V одд. преку проектот „Мрежа за искуствено учење“.
14. 27.10.2023 год. - Посета на Националниот парк Галичица Охрид со учениците од VII одд. преку проектот „Мрежа за искуствено учење“ со едукативна работилница, насловена како ЕКО-АМБАСАДОРИ.

**<u>Ноември</u>**

1. 01.11.2023 год. Учениците од IV do IX одделение имаа можност да бидат дел од Едукативниот проект и Етнолошка поставка од областа на Етнологијата кој го организира Музејот на Република Северна Македонија со теми кои го опфаќаат нашето културно наследство и начинот на живот во минатото народни носии и народна архитектура. Во организација на професор Весна Вучковска и Етнолог -Наде Костадиновска Спасеновска.
2. 12.11.2023 год. По повод 10 ти Ноември-Светскиот ден на науката направена акција „Запознај ги растенијата од нашиот училишниот двор" со ученици од 6-то, 7мо и 8мо одделение и собран е соодветен материјал за хербаризирање, а притоа се анализаше на неговата форма и симетрија.
3. 14.11.2023 год. Учениците од секцијата„3М-математика, микробит и мултикултура" учествуваа во интернационален предизвик за решавање алгоритамски задачи ДАБАР 2023
4. 14.11.2023 год. Во чест на одбележување на Неделата на географијата (Geography Awareness Week), која се одвива од 13 до 17 ноември оваа година, како дел од предвидените активности по наставниот предмет географија, дел од учениците од VI до IX одделение од нашето училиште ја посетија Сеизмолошката опсерваторија „Скопје" при Природно-математичкиот факултет во Скопје.
5. 15.11.2023 год. Активности по повод Неделата на географијата - Учениците од VII и IX одделение проследија едукативна презентација и реализираа одделенски натпревари во брза географија
6. 17.11.2023 год. Го славиме Денот на општината. Оваа година, за прв пат, беше свечено одбележан Денот на општина Чучер Сандево. Нашето училиште зема учество и беше дел од оваа манифестација „Ден на општина Чучер Сандево".
7. 23.11.2023 год. Новогодишна работилница во IV  и V одд
8. 25.11.2023 год. Одбележување на месецот на науката со активности спроведени на часовите по Природни науки. со работилница со учениците од VIа и VIб одделение - модели на органски системи.

**Декември**

1. 03.12.2023 год. - По повод 3 Декември Ден на лицата со попреченост, специјалниот едукатор и рехабилитатор Ана Радосављевиќ и образовниот асистент Ангела Животиќ одржаа едукативно предавање и работилница на тема: ,,Сплотени заедно".
2. 05.12.2023 год. – Предновогодишен хуманитарен базар и приредба под мотото „Добрината и хуманоста царуваат во нашите срца"
3. .06.12.2023 год, - Учениците од IVа и IVб одделение беа во посета на општина Чучер-Сандево. Согласно наставната програма за четврто одделение се запознаа со работата на Градоначалникот , Советот на општината и вработените во различни сектори, на кои имаа можност да им постават многу прашања.

4. .12.2023 год. Мултиетничка работилница „ Алгоритамско размислување и учење,микробит како бројач и учење преку игра" со ученици VI одд. од од ООУ„Александар Урдаревски"-Сандево и ООУ„Михаљ Грамено"-Блаце.
5. 15.12.2023 год. Мултиетничка работилница „ Како да се заштитиме и како да си помогнеме во случај на несреќа или елементарна непогода" со ученици од 8 одделение од ООУ„Александар Урдаревски"-Сандево и ООУ„ Св.Кирил и Методиј "-Кучевиште.
6. 18.12.2023 год. Акција за садење дрвца.Засадени 21 дрвце, јаболки и цреши донирани од хуманитарната организација АЦТ Македонија.
7. 22.12.2023 год. Посета на дом за стари лица Вита ве во Н.Радишани со учениците од IV одд,
8. 27.12.2023 год. Нашето училиште беше дел од новогодишниот настан на ОЈУ Партизански дом Сандево со новогодишни изработки, настап на учениците од прво одделение и настап на училишниот хор
9. 29.12.2023 год. Доставување на собрани пакети со храна и средства за хигиена до социјално загрозени семејства на наши ученици како дел од хуманитарната акција на ученичкиот парламент.

**Јануари**

1. 27.01.2024 г. Учество на наши ученици на манифестацијата „Светосавски дани" во манастирот Св. Никита.
2. 1.2.2024 год Работилница со учениците од одделенска настава, промовирање на изборниот предмет шах.

**Февруари**

1 2.2.2024 год одбележување на Светскиот ден на водните живеалишта со учениците од 7-мо одделение.

2 2.2.2024 год реализиран Општински натпревар по математика за учениците од 4-то до 9-то одделение.

2 7.2.2024 год Реализирана работилница, изведување на детска претстава под името „Тајната на Сината самовила" со учениците од Дневен престој.

3 8.2.2024 год Посета на Собранието на РСМ со учениците од деветто одделение.

4 9.2.2024 год Реализирана работилница во оддленска настава, во соработка со родител, запознавање со професијата физиотерапевт, правилно држење на телото и најчести деформитети на рбетот.

5 14.2.2024 год Работилница со учениците од 6 то одделение, по предметот Природни науки изработка на Модел на Сончев систем.

6 17.2.2024 Учество на Општински натпревар по Географија, со учениците од предметна настава.

7 21.2.2024 год Реализирана работилница по повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, со членовите на библиотекарската секција.
8 21.2.2024 год Реализирана посета на Планетариумот во Скопје со учениците од 6 то одделение.
9 23.2.2024 год Реализирана посета на Противпожарната бригада на град Скопје, со учениците од 7-мо и 8-мо одделение.
10 23.2.2024 год Учество на Општински натпревар по Хемија, со ученици од предметна настава.

**Март**

1. 4.3.2024 год - Еко акција со учениците од 6 одделение.
2. 7.3.2024 год - Посета на Народна банка и запознавање со нејзината основна цел, со учениците од 6 до 9 то одделение.
3. 8.3.2024 година - Одбележување на Меѓународниот ден на жената со разни активности и со учениците од одделенска и предметна настава.
4. 16.3.2024 година - Учество на Регионалниот натпревар по географија за учениците од 7, 8 и 9 то одделение.
5. 16.3.2024 година - Учество на Општински натпревар по англиски јазик со ученици од 7 и 9 то одделение.
6. 21.3.2024 година- Одбележување на Денот на пролетта и Денот на екологијата преку разни активности со учениците од одделенска и предметна настава.
7. 22.3.2024 година - Одбележување на Светскиот ден на водата со група ученици од 6 до 9 то одделение, посета на извоот Лавовец.
8. 26.3.2024 година - Посета на ботаничка градина во склоп на Природно математичкиот факултет, со учениците од 2 одделение.

**Април**

1. 01.04.2024 г. Учество на манифестацијата „Априлијада 2024“ со ученици од 1во до 9 то одделение во дворот на Партизански дом Сандево
2. 03.04.2024 г. Посета на градот Скопје, Музејот на восочни фгури, Плоштадот, Старата скопска чаршија со учениците од 1во и 4 то одделение.

3. 05.04.2024 г. Еко акција за собирање органски отпад, активност од проектот „Од ѓубре до ѓубриво“
4. 13.04.2024г. учество на Регионален натпревар по англиски јазик.
5. 20.04.2024 г. Посета на Меѓународниот саем на книга 2024 со ученици од одделенска и предметна настава.
6. 13.04.2024 год учество на регионален натпревар по хемија.
7. 22.04.2024 Следење на интерактивна куклена претстава „Другарство“ со учениците од одделенска настава.
8. 22.04.2024 одбележување на денот на Планетата земја со разни активности со учениците од предметна нстава.

**Мај**

1. 13-15.05.2024 реализирање на тридневна екскурзија низ Западна Македонија со ученици од 9то и 5то одделение.
2. 17.05.2024 одбележување на денот на Патронот на нашето училиште со приредба под мотото „СО МИР И ЉУБОВ ДО СПОЛОТЕН СВЕТ“
3. 21.05.2024 учество на наши ученици на државен натпревар по англсики јазик.

**Јуни**

1. 10.06.2024 учество на нашите ученици на ликовна манифестација „ДЕНОВИ НА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ 2024 во дворот на манастирот Св. Никита.
2. 11.036.2024 г. Реазлиирање на воннаставна активност „Брза географија“ со учениците од 6то одделение под мотото „Учиме и се забавуваме“
3. 12.06.2024 г. Реализирање на воннаставна активност „Меѓуодделенски натпревар по математика – игра меморија“ со ученици од 7мо одделение.
4. 12.06.2024г. Реализирање на спортско-забавни игри во училишниот двор со учениците од одделенска настава.
5. 13.06.2024г. Реализирање на воннаставна активност „Ден на музиката“ во училишниот двор со учениците од одделенска настава.
6. 14.06.2024г. Реализирање на ликовна воннаставна активност „Да го нацртаме летото“ реализирана во училишниот двор со ученици од одделенска настава.

## ***Слободни ученички активности***

Слободните ученички активности се реализираат согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмите за работа на слободните ученички активности. Формирањето на клубовите за слободни ученички активности започнуваат со работа во месец септември секоја учебна година.Учениците се рамномерно распоредени според своите интереси и способности во клубовите и на тој начин ги реализираат зацртаните програми.

Опфатеноста на учениците во слободните ученички активности е на високо ниво, традиција што и во иднина треба да продолжи.

## ***Натпревари***

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на училишно, општинско, регионално и државно ниво, организирани од акредитирани здруженија на наставници.. Учениците кои ќе покажат најдобри резултати на натпреварите на училишно ниво го претставуваат училиштето на натпревари од повисок ранг (општински, градски, државни натпревари), за кои ќе бидат менторирани од страна на наставниците. Во рамките на можностите училиштето ќе овозможи симболични награди и дипломи / пофалници за најдобрите ученици. Учениците се поттикнуваат за учество на натпревари

Во текот на учебната година реализирани се међуодделенски натпревари по повеќе предмети, како и работилници и предавања на темата насилство и антикорупција .

- **Извештај за учество на натпревари по математика и алгоритамско размислување за учебната 2023/2024 година**

Учениците од ООУ „Александар Урдаревски“-Сандево, Скопје, во учебната 2023/2024 година учествуваа на различни видови натпревари по математика и алгоритамско размислување со цел на развивање и негување на логика и математичи вештини кај учениците.

**Дата:** 13 и 16.11.2023

**Локација:** ООУ„Александар Урдаревски“-Сандево, Скопје

**Интернационален натпревар за решавање алгоритамски задачи ДАБАР 2023**

**Организатор на натпреварот:** Здружение на информатичари на македонија

**Вид на натпревар:** Дабар е интернационален предизвик (еден вид натпревар), наменет за ученици од основните и средните училишта, кој има за цел да ја промовира информатиката и сродните науки. Истиот се организира во повеќе држави, и е еден од најпопуларните натпревари во светот.

**Ученици:**

| | | |
|---|---|---|
| Јована Спирова VI[a] | Лазар Беличевски VI[b] | Марио Каимовски VII[a] |
| | Мартин Беличевски VI[b] | Тамара Каевиќ VIII[b] |
| | Мила Кајевиќ VI[b] | Марија Варсакевска VIII[b] |
| | Леонид Спасов VI[b] | |

**Дата: 02.03.2019 (сабота)**

**Локација: Училиште-домакин** ООУ „Александар Урдаревски“ - Сандево, Скопје

**Наставен предмет:** Математика

**Организатор на натпреварот:** Сојуз на математичари на Македонија (акредитирано здружение за одржување натпревари по математика од страна на МОН)

**Вид на натпревар: Општински натпревар по математика за учениците од основно образование на регион ЧУЧЕР - САНДЕВО**

**Опис:** Самостојно решавање на задачи без понудени одговори. Задачите за натпреварот се подготвени од страна на СММ, а натпреварот се организира во исто време во сите избрани училишта-домакини од секоја општина. Регуларноста на натпреварот, ја следи акредитиран наставник од страна на СММ.

На натпреварот учествуваа вкупно 16 ученици од IV до IX одделение од ООУ „Александар Урдаревски“ - Сандево, Скопје. Задачите беа подготвени според наставниот јазик на кој се следи наставата.
Директорот на училиштето-домакин организираше непречена реализација на натпреварот и обезбеди ужинка и сок за сите учесници во натпреварот.

Натпреварот има елиминаторен карактер и само учениците со најдобар пласман на ниво на општина Чучер-Сандево, обезбедуваат право на учество на Регионалниот натпревар по математика за основно образоивание.

**Ученици и награди:**

| Име и презиме на ученик | одд | награда |
|---|---|---|
| Христијан Љубовчевиќ | 6 | I место и пласман на Регионален натпревар |
| Анастасија Стевковска | 6 | II место и пласман на Регионален натпревар |
| Лазар Беличевски | 6 | учество |
| Мила Кајевиќ | 6 | учество |
| Леонид Спасовски | 6 | учество |
| Андреј Чакалиќ | 7 | I место и пласман на Регионален натпревар |
| Анастасија Пршевска | 7 | II место и пласман на Регионален натпревар |

**Дата: 02.03.2024 (сабота)**
**Локација:** ООУ „ Исмаил Ќемали “- Чаир, Скопје
**Наставен предмет:** Математика
**Организатор на натпреварот:** Сојуз на математичари на Македонија (акредитирано здружение за одржување натпревари по математика од страна на МОН)
**Вид на натпревар: Регионален натпревар по математика за учениците од основно образование на Регион Скопје - Чучер Сандево, Чаир, Бутел и Шуто Оризари.**
**Опис:** Самостојно решавање на задачи без понудени одговори. Задачите за натпреварот се подготвени од страна на СММ, а натпреварот се организира во исто време во сите избрани училишта од секој регион.

На Регионалниот натпревар учествуваа вкупно 81 ученици од IV до IX одделение кои имаа обезбедено право на учество . Задачите беа подготвени според наставниот јазик на кој се следи наставата, односно сите задачи беа преведени на 3 наставни јазици (македонски, албански и српски јазик).

Учениците кои самостојно решаваа по 5 задачи (секоја од нив вреднувана по 20 поени), во времетраење од 150 минути.

ООУ„Александар Урдаревски“-Сандево, учествуваше на натпреварот со вкупно 8 ученици под менторство на нивните предметни наставници.

| одд | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на ученици | **2** | **2** | **1** | **2** | **/** | **1** |
| вкупно | **8** | | | | | |

**Дата: 12.06.2024 (среда)**

**Локација:** ООУ„Александар Урдаревски“-Сандево, Скопје

**Наставен предмет:** Математика

**Организатор на натпреварот: С**тручен актив по математика во ООУ „Александар Урдаревски“-Сандево, Скопје

**Вид на натпревар:** Меѓуодделенски натпревар со ученици од VII$^{а}$ и VII$^{b}$ на наставна тема „Број и решавање проблеми“. Натпреварот имаше за цел да го развие натпреварувачкио дух кај сите ученици во двете паралелки, па затоа беа дизајнирани специјален тип на задачи според различно когнитивното ниво и стандардите за утврдување на секоја оценка.

**Ученици:** Сите ученици од VII$^{а}$ и VII$^{б}$

***Предметен наставник: Николина Ѓорчевска***

- **Учество на натпревари Петто одделение**

- Интернационален предизвик Дабар 2023 – Индивидуален натпревар во алгоритамско размислување одржан на 15.11.2023
- Општински натпревар по математика одржан на 02.02.2024

- Регионален натпревар по математика одржан на 02.03. 2024

**Одделенски наставник Павлинка Стоилковска**

- **Извештај за натпревари по англиски јазик**

Општински натпревар 16.03.2024
Регионален натпревар 13.04.2024
Државен натпревар 18.05.2024

**Предметен наставник Даниела Periќ**

- **Извештај од натпреварите по географија во учебната 2023/24 година при ООУ „Александар Урдаревски“ Сандево**

Младите географи од нашето училиште и оваа учебна година љубопитно и неуморно ги откриваа тајните на географијата. Географската секција успешно и активно работеше под менторство на предметниот наставник Благица Гогова. Членовите на секцијата, талентирани ученици со голем интерес и енергија за изучување на географијата обработуваа теми од наставен карактер за надополнување и проширување на знаењата од географијата.
Во склоп на активностите на географската секција, учениците беа подготвувани под менторство на предметниот наставник за учество на натпревари. Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје, оваа учебна година ги организираше натпреварите по географија за учениците од VII до IX одделение.
На 17.02.2024 година беа одржани општинските натпревари по географија за ученици од VII и VIII одделение преку апликацијата Google Meet. Резултатите од општинските натпревари беа следните:

1. Матеа Пејковска од VIII-А одд. освои 1 место со освоени 100/100 бодови
2. Филип Кајевиќ од IX-Б одд. освои 1 место со освоени 85/100 бодови
3. Јана Балшиќевска од VII-А одд. пофалница за учество и пласман на регионалниот натпревар
4. Ангела Поповска од VII-Б одд. пофалница за учество
5. Андреј Чакалиќ од VII-А одд. пофалница за учество
6. Викторија Цимбировска од IX-Б одд. пофалница за учество.

На 16.03.2024 година беа одржани регионалните натпревари по географија за ученици од VII до IX одделение во просториите на Универзитетот Скопје. Резултатите од регионалните натпревари беа следните:

1. Матеа Пејковска од VIII-А одд. освои 1 место со освоени 97/100 бодови
2. Јана Балшиќевска од VII-А одд. освои 2 место со освоени 85/100 бодови
3. Филип Кајевиќ од IX-Б одд. пофалница за учество.

На 18.05.2024 година се одржа државниот натпревар по географија во просториите на Универзитетот Скопје. Ученичките Матеа Пејковска од VIII-А одд. и Јана Балшиќевска од VII-А одд. добија потврди за учество на државен натпревар.
На 61-от Државен натпревар на млади техничари и природници на Македонија во организација на Народна Техника на Македонија пријавени се 5 ученици (Јана Балшиќевска, Ива Шаговска, Матеа Пејковска, Евгенија Варсакевски и Марија Грујевска) од нашето училиште, но истиот натпревар е одложен за август или септември од технички причини

**Предметен наставник: Благица Гогова**

- **Извештај од натпревар по Хемија за 2023/2024**

На 23.02.2024 се одржа општинскиот натпревар по Хемија во ООУ „Александар Урдаревски„ Сандево .
На натпреварот учениците ги постигнаа следните резултати на ниво на општина:

Матеа Пејковска VIII одд. I Место – Пофалница ( пласман На Регионален)
Јана Урдаревиќ VII одд. II Место – Пофалница
Марија Варсакевска VIII одд – III место – Пофалница
Весна Љадевиќ IX одд. I Место ( награда) ДИПЛОМА (пласман за регионален
Викторија Варсакевски IX одд. – III место , Пофалница
Наталија Горановска IX одд. Сертификат

На 13.04.2024 се одржа регионалниот натпревар по Хемија на Природно – математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје .
На натпреварот учениците ги постигнаа следните резултати:
Матеа Пејковска од VIII одд. Сертификат
Весна Љадевиќ IX одд. ( III награда) ДИПЛОМА
**Наставник Верче Славковиќ**

***<u>Секции/клубови</u>***

Во училиштето активно функционираат сите ученички секции: ликовна, литературна, историска, спортска итн.
Во училиштето активно функционира училишниот хор и оркестар кој работи со мандолини и гитари, кои својата работа ја покажуваат на повеќе училишни настани, вклучувајчи приредби по различни празници,новогодишна приредба,патронен празник и слично.

***<u>Акции</u>***

Акциите како воннаставни активности имаат општествен, хуманитарен и едукативен карактер. Оваа учебна година се организираа неколку акции во училиштето, како и во соработка со надворешни лица.

## *Грижа за здравјето на учениците  и хигиената во училиштето*

| |
|---|
| Цели и задачи : Оспособување на учениците за поздрав живот во училиштето, домот и локалната средина во која живеат.Обезбедување здравствена заштита и едукација на учениците и вработените |

| **Реализирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Целна група** | **Постигнати цели и остварени ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Осигурување на учениците | Септември, 2023 | Училиште, осигурителна компанија, одделенскираководители, родители | Ученици од 1-9 одделение | Надомест при евентуални повреди на ученикот. |
| Едукативно предавање по повод Светскиот ден на миење раце | 14.10.2023 | Одделенски раководители | Ученици од 1-3 одделение | Практични вежби и превенција од заразни заболувања. |
| Систематски преглед и ревакцинација МРП за I одд | 24.10.2023 год. | Поликлиника Чаир, раководители на паралелки, ученици | Ученици од 1 одделение | Ревакцинација на учениците и  заштита од одредени болести. |
| Ревакцинација(имунизација) за дифтерија,тетанус и детска парализа | 24.10.2023 | Поликлиника Чаир, Стручна служба одделенски раководители, родители, ученици | Ученици од 2 одделение | Редовна ревакцинација на учениците. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Систематски преглед | 03.04.2024 | Поликлиника Чаир Одделенски раководители ученици | Ученици од 3то 5то и 7мо одделение | Проверка на здравствената состојба на учениците. Вакцинација на учениците (доколку имаат некоја пропуштена вакцина) |
| Стоматолошки преглед и залевање на забите | 13.05.2024 | ОУ Александар Урдаревски одделенски раководители, родители, ученици | Ученици од Од 3то до 9то одделение | Редовна контрола на забите |

## ***Безбедност во училиштето***

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на просториите на соодветниот спрат на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Училиштето е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се укаже прва помош.

| **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Постигнати цели и остварени ефекти** |
|---|---|---|---|
| **Реализирана програмска активност** | | | |
| Усвојување на програмата за работа | Октомври 2023 | Тим за планирање | Доделени задолженија на тимовите за елементарни непогоди. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изработка на презентации, флаери за мерки за заштита од елементарни непогоди | Март 2024 | Тим од одговорни наставници, ученици | Практична примена на мерките за заштита. |
| Работилница:<br>Предавање и презентирање на вежбовна активнос<br>Евакуација на учениците од одделенска и предметна настава | Декември 2023 | Тим од одговорни наставници, ученици | Практична примена на мерките за заштита. |
| Вежба за евакуација од земјотрес со нус појава пожар | 26.04.2024 | Вработени и ученици | Практична примена на мерките за заштита<br><br>Експедитивност и ефикасност во случај на елементарна непогода |

## ***Ученички екскурзии и излети***

**Цели:** Проширување на стекнатите знаења, примена на вештини и ставови преку непосередно запознавање на појавите, како и односи во природата и општествената средина, запознавање со културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

**Задачи:** Истражување на објекти во природата, поттикнување и нтерес за природата и развивање еколошки навики, запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни предели, градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот, развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности, поттикнување и манифестирање позитивни емоции, социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе, развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

Во текот на учебната 2023/24 година од страна на училиштето беа реализирани следниве екскурзии:

1. Есенска еднодневна рекреативна екскурзија во манастирот Свети Никита на  која присуствуваа ученици од прво до деветто одделение.
2.Тродневна научно рекреативна екскурзија на која присуствуваа учениците од деветто одделение.
3.Тридневна настава во природа на која присуствуваа учениците од петто одделение под менторство на одделенската наставничка Павлина Стоилковска.
4. Пролетна рекреативна екскурзија на која учествуваа учениците од прво до деветто одделение во манастирот Пресвета Богородица-Чардак.

Опис на активностите:

На есенската еднодневна екскурзија учениците беа со одделенските наставници и стручната педагошка служба во училиштето. Учениците од прво до петто одделение се рекреираа со детски игри , а учениците од шесто до деветто одделение покрај рекреативните активности имаа и предавање за историјата на манастирот , како и запознавање со старословенскиот јазик во црковните книги.

На тродневната научно -рекреативна екскурзија учениците под менторство на класните раководители Зорица Силјановска и Маја Тапарчевќ j посетија знаменитости како што се :Манастирот Свети Јован Бигорски , женскиот манастир Рајчица , Вевчанските извори , градот Струга, куќата на браќата Миладиновци. Вториот ден учениците го посетија Заливот на коските, Свети Наум .Третиот ден од екскурзијата учениците ја посетија Самоиловата тврдина, стариот амфитеатар во Охрид, црквата Света Софија , црквата Свети Канео и Плаошник.

На тродневната настава во природа учениците имаа часови по спортски активности,часови по Македонски јазик, часови по ликовно образование и природо.

На пролетната рекреативна екскурзија беа присутни сите ученици и наставниците , и учениците се рекреираа со спортски активности.

Извештајот го подготви Зорица Силјановска

## ***ПРОФЕСИОНАЛНА  ОРИЕНТАЦИЈА  НА УЧЕНИЦИТЕ***

**Цели и задачи:**

**Цел:** Професионално насочување на учениците  во понатамошното школување.
**Задачи:** Континуирано подтикнување на учениците за размислување на избор на професијата која го интересира од 1 до 9 одделение. Осознавање на учениците за постигнатиот успех во училиште и способностите кои ги поседува како битни фактори при избор на својата идна професија.

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Постигнати цели и остварени ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Професионално насочување на учениците од<br>1-во до 9-то одделение во изборот на нивната професија Реализација на работилници со учениците од 1-во до 9-то одделение на тема:<br>„ Што сакам да бидам кога ќе пораснам “<br>од 1-водо 5-то одделение и<br>„Мојата идна професија“<br>од 6-то до 9-то одделение | Во текот на првотополугодие | Одделенски раководители од<br>1-во до 9-то одд. | Ученициод<br>Iдо IXодд. | Создавањенавиказа размислувањена учениците од најмалавозраст за<br>Изборотна определенозанимањеза<br>кое биималеинтерес даработат. |
| Давање на материјал на раководителите на паралелките од 9-то одд. Конкурс за запишување на ученици од деветто одделение во Средни стручни училишта и Гимназии во учебната 2024/25 година.<br>Огласување на Конкурсот за уписи за 9-то одд.<br>во печатена форма во холот на училиштето и објавување на фб страна на училиштето | Март /април, 2022 | Социолог | Ученици од<br>IXодд.<br>и<br>раководителите на паралелките<br>на 9 -то одделение | Информираност на учениците и од 9 то одделение за се што е потребно при упис на учениците во Средни стручни училишта и Гимназии во учебната 2024/25 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Презентација на средни училишта | Април-Мај 2024 | Лица од средните училиште во Скопје | Ученици од IXодд. | Презентација на условите за работа и условите за запишување во средните училишта. |

## ***Извештај за јавната и културната дејност во училиштето***

Со цел училиштето да ја запознае јавноста со своите активности се организирааа јавни културни активности :

1. Свечена приредба за Добредојде на првачињата;
2. Одбележување на Светскиот ден на учителот со кратка приредба во училишниот хол во чест на сите наставници
3. Одбележување на детска недела под мотото: "Јас и светот околу мене" по кој повод првачињата дадоа ветување и станаа членови на детската организација.
4. Кратка приредба по повод 13 Ноември- Денот на ослободувањето на градот Скопје
5. Одбележување на Светски ден на јаболкото со работилница со учениците од IV одд. и нивните родители.
6. Го славиме Денот на општината. Оваа година, за прв пат, беше свечено одбележан Денот на општина Чучер Сандево. Нашето училиште зема учество и беше дел од оваа манифестација „Ден на општина Чучер Сандево“
7. 23.11.2023 год. Новогодишна работилница во IV и V одд
8. Предновогодишен хуманитарен базар и приредба под мотото „Добрината и хуманоста царуваат во нашите срца“
9. Учество на манифестацијата „Априлијада 2024“ со ученици од 1во до 9 то одделение во дворот на Партизански дом Сандево
10. Нашето училиште беше дел од новогодишниот настан на ОЈУ Партизански дом Сандево со новогодишни изработки, настап на учениците од прво одделение и настап на училишниот хор
11. Следење на интерактивна куклена претстава „Другарство“ со учениците од одделенска настава.
12. Одбележување на денот на Патронот на нашето училиште со приредба под мотото „СО МИР И ЉУБОВ ДО СПОЛОТЕН СВЕТ“

13. учество на нашите ученици на ликовна манифестација „ДЕНОВИ НА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ 2024 во дворот на манастирот Св. Никита
14. Посета на Домот за стари лица Вита Ве
15. Одбележување на Свети Сава, рецитали од учениците кои изучуваат Изборен предмет Јазик и култура на Србите одржано во манастирот Св Никита за претстваниците од Спона кои донираа пакетчиња;
16. Одбележан 1ви Април –Денот на шегата, избор на најубава рачно изработена маска со дефиле во училишниот двор во заедничка соработка со дечињата од градинката „Мило мое“;
17. Учество во акцијата „Генералка викенд“ организирана од Граѓанската иницијатива;
18. Испраќање на полуматуранти;
19. Промоција и награди за првенец на генерација 2015-2024 год.

## ***Извештај за реализирани проектни активности во учебната 2023/2024 година***

Како и минатите учебни години така и оваа учебна година училиштето реализира проекти и тоа проекти во рамките на Министерството за образование и наука и проекти кои ги предлагаат и реализираат нашите наставници.Секој  наставник по своја иницијатива во месец Август поднесува програма во стручната служба за реализација на училишен проект. Стручната служба тековно ги следи активностите кои се реализираат во рамките на училишните проекти, а реализаторите се должни тековно согласно програмата да поднесуваат извештаи за реализираното.

## ***ПРОЕКТ ,,ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА СО ПОП”***

Финансиран од Здружението за асистивна технологија ,,Отворете ги прозорците” со поддршка од Детската Фондација ,,Песталоци”

Нашето училиште постојано се обидува да ја подигне училишната инклузивна средина на повисоко ниво преку еднакво учество, вклучување и пристапност на учениците со попреченост. Почнувајќи од тој факт, за потребите на проектот имавме одредено две приоритетни цели: реновирање на женски пристапен тоалет и машки пристапен тоалет за ученици со попреченост.

Пристапноста за ученичката со телесна попреченост подразбираше превземање на соодветни мерки за прилагодување за таа да има пристап на еднаква основа со другите ученици во училиштето. Од таа причина средствата од грантот кој го добивме ги насочивме за прилагодување на женски пристапен тоалет.




Од страна на Здружението за асистивна технологија ,,Отворете ги прозорците” беа организирани следните обуки наменети за наставниот кадар и стручни соработници и работилница за родители:

- 05 – 06.03.2024 обука на тема „Примена на асистивната технологија како алатка за поддршка на инклузијата“;
- 30.05.2024 година реализирана обука во соработка со ОУРЦ ,,Иднина” на тема: „Инклузија на ученици со посебни образовни потреби (ПОП)“;

- 04.06.2024 година, во соработка со ОУРЦ ,,Д-р Златан Сремец” е реализирана работилница за родители на ученици со типичен развој и родители на ученици со попреченост.

На 03.06.2024 година, со средствата собрани од предновогодишниот базар и добиениот нов грант, прилагоден е и машкиот тоалет за ученици со телесна попреченост.





***ПРОЕКТ: ,,Предизвикот за млади истражувачи #5 – ЗЕЛЕНИ ПРОЕКТИ”***

ООУ ,,Александар Урдаревски” с.Сандево Чучер Сандево на ден 27.06.2023 година склучи договор со Фондот за иновации и технолошки развој. Целта на овој проект е да ги поттикне учениците слободно да размислуваат и да наоѓаат креативни решенија за проблемите и прашањата со кои се соочуваат, но и да се поттикнат наставниците и учениците да ги препознаат своите способности, да ги усовршуваат своите вештини и да соработуваат во насока на остварување на заеднички цели.

**Реализирани активности во учебната 2023/2024 година**

| **Опис на активноста** | **Резултат од реализирана активност** | **Опис на придонес/учество на секој ученик во проектот (со име и презиме)** | **Стекнати знаења во текот на споредувањe на активноста** |
|---|---|---|---|
| **Изработка на информативен материјал за компостирање** | -Дизајнирање на лого на проектот „од ЃУБРЕ до ЃУБРИВО“<br>-Изработени се флаери и постери со инструкции за плавилно селектирање на отпад и начини на складирање на органски отпад | -Учениците Матеа Пејковска и Весна Љадевиќ учествуваа во изработка на промотивен материјал и учество во кампањата за собирање органски отпад. | Стекнати вештини за еко-активизам и промовирање на идејата за собирање органски отпад |
| Презентација на целта и задачите на проектот „Од ѓубре до Ѓубриво“ пред учениците и вработените во училиштето | **Одржани циклус презентации за** подигање на еколошката свест кај учениците и запознавање со целта и задачите на проектот и добиениот бенефит при реализација на истиот | Учениците Викторија Варсакевски, Матеа Пејковска, Андреј Чакалиќ и Сара Тапарчевиќ успешно го презентираа проектот пред учениците и вработените во училиштето | Стекнати вештини за еко-активизам и промовирање на идејата за собирање органски отпад |
| Презентација на проектот | **Одржана трибина за** подигање на еколошката | Учениците Матео Радевски, Петар | Стекнати вештини за еко-активизам и промовирање на идејата за собирање органски отпад |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Од ѓубре до Ѓубриво“ пред локалнато население | свест и информирање на локалното население за процесот на компостирање, бенефит од истиот и дека во нашето училиште ќе се отвори групен компост каде ќе можат да оставаат органски отпад | Миленковски, Матеа Пејковска и Сара Тапарчевиќ успешно го презентираа проектот пред родителите на учениците и локалното население | |
| Подготовки за истражувањето | Преку истражување на интернет утврдена е поврзаноста меѓу количината на органски отпад и количината на готов компост во процесот на компостирање и врз основа на тоа дефинирани се етапите на нашето истражување. | Учениците Викторија Варсакевски, Матеа Пејковска и Марија Варсакевска преку истражување на интернет ја утврдија поврзаноста меѓу количината на органски отпад и количината на готов компост во процесот на компостирање | Прибирање податоци преку анализа на готови истражувања и примена на стекнатите знаења при дефинирање на етапи на нашето истражување |
| **Избор на земјиште каде ќе се постави на кутијата за компостирање и раскопување на земјиштето околу него** | Избрана е локација за поставување на компостерот | Учениците заедно со нивните ментори го анализираа училишниот двори избраа локација за поставување на компостерот | Стекнати знаења за Анализа на физичко-хемијските својстава на компостирачкиот материјал и инфраструктурата на училишниот двор |
| **Изработка на кутии за компостирање** | Изработен компостер (кутија за компостирање) | Учениците Лука Копчаревски, Матео Радевски, Петар | Стекнати вештини за изработка на компостер **(кутија за компостирање) според претходно утврденои димензии** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Миленковски заедно со вработени од училиштето го изградија компостерот (кутија за компостирање) | |
| **-Обезбедување опрема за собирање на органски отпад од училишниот двор**<br>**-Обезбедување опрема за членовите на Компост-Клубот** | Обезбедени се блузи за секој учесник во проектот и истите се отпечатени со логото на проектот | Учениците Матео Радевски, Сара Мемедова, Андреј Чакалиќ и заедно со членови од секцијата по ликовно образование го отпечатија логото врз блузите | Стекнати вештини за еко-активизам и промовирање на идејата за собирање органски отпад |

***ПРОЕКТ: ,,Нула отпад”***

ООУ ,,Александар Урдаревски” с.Сандево Чучер Сандево на ден 15.05.2023 година склучи договор со Нула отпад Доо Скопје. Целта на овој проект е да ги поттикне учениците за правилна селекција на отпад. Електронскиот отпад и отпадните батерии се опасен отпад и како правилно да ги селектираме е дел од едукативната работилница на која секое дете доби кантичка за селекција на отпадните батерии за дома, сликовница и тетратка од Суперхеројот Нула.
Во училиштето поставена инфраструктура од садови за отпадни батерии и ситен електронски отпад а донирани се 4 компјутери на принципот на реупотреба, донација од општествено одговорната компанија БТ Македонија.И оваа учебна година продолживме со имплементација на проектот, ги поттикнуваме учениците за працилно селектирање на отпадот.Поставени се и дополнителни канти за селекција на батерии.

# Годишен извештај
# за работата на Тимот за училишна интеграција
# во ООУ„Александар Урдаревски“-Сандево,Скопје
# за учебната 2023/2024 година

Тимот за училишна интеграција ја планира и организира современи, успешни и ефективни воспитно-образовни активности кои ги промовираат мултиетничките и мултикултурните вредности, индивидуализираниот пристап кон учениците, позитивна емоционална клима и конструктивна повеќенасочна комуникација во пријатен и поттикнувачки училишен амбиент.

Тимот за училишна интеграција реализира активности кои имаат за цел да се зголеми меѓуетничката соработка кај учениците и вработените и да се создадат односи на меѓузависност на припадниците на различните етнички заедници. Учениците од различните етнички групи да се научат на интеракција што им е потребна за живеење во Република Северна Македонија како држава со мултиетничко општество.

Во зависност од условите за работа и планираните наставни содржини, МИО активности може да се реализираат меѓу ученици од различни етнички заедници (**Заеднички активности**) и активности меѓу ученици од иста етничка заедница, но со обработување на теми кои поттикнуваат меѓуетничка интеграција на образованието (**Самостојни активности**).

МИО активности се реализирани со цел:

- запознавање и одржување на познанствата со ученици од други етнички заедници
- позитивен став кон различностите како на богатство на едно мултикултурно општество
- покажување знаења за културата и традицијата на другите етнички заедници
- полуматурантите, се запишуваат во средно училиште со веќе изграден позитивен став.
- спречување на негативното делување на етничките предрасуди на возрасните од семејството или од пошироката заедница

Активности во кои заедно учествуваат ученици што припаѓаат на различни етнички групи, се многу важни за подобрување на меѓуетничките односи што се обременети со стереотипи и предрасуди. Преку заедничките активности во етнички мешани групи, учениците учат да комуницираат едни со други и на тој начин да се запознаваат со меѓусебните

сличности и разлики, како на индивидуално, така и на групно ниво. Заедничките активности во етнички мешаните групи го обезбедуваат и неопходниот контакт со *другите,* кој може да придонесе за намалување на негативните предрасуди.

Членовите на ТУИ во текот на првото полугодие даваа поддршка на наставниците во подготовка на професионалното портфолио; направија Глобално планирање за меѓуетничка интеграција во образованието и по насоки од МОН изработија План за унапредување на МИО за Годишна програма 2023/2024 година по подрачја; водеа евиденција на целокупната документација од евалуацијата на портфолиото и се грижат за реализирање на активности кои поттикнуваат меѓуетничка интеграција во образованието.

Членовите на ТУИ и други наставници од нашето училиште оствариja организирана заедничка работна (договорна) средба со членовите на ТУИ од ООУ„Михаљ Грамено“- с. Брест, на која се разгледа објавениот јавен повик на МОН за доделување на неповратни средства наменети на основни училишта кои во учебната 2023/2024 година ќе реализираат проекти, односно активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција.

Дел од активностите за поттикнување меѓуетничка интеграција во образованието беа реализирани преку соработка со ученици од македонска, албанска националност преку проектното учење „Лавиринт“, за поддржување и обележување на Европската недела на програмирањето.

Во првото полугодие од учебната 2023/2024 година, реализирани се две воннаставни краткотрајни заеднички активности со ученици од 5-то и 7-мо одделение од ООУ„Александар Урдаревски“-Сандево и ОО,,Михаљ Грамено“-Блаце од албанска и македонска национална припадност. Активностите се реализираа на ден 09. 10.2023 и 27. 11.2023 и се одржаа работилниците „Лавиринт“ која интегрира содржини од областа на математика и физичко образование и „Изработка на сувенири“. Исто така се реализира воннаставна заедничка активност од истражувачки карактер со ученици од 5-то одделение од ООУ„Александар Урдаревски“-Сандево и ООУ,,Михаљ Грамено“-Блаце од албанска и македонска национална припадност кои се вклучија во активноста „Лавиринт“ со користење на микробит како бројач.

На 22.09.2023 год и 27.09.2023 година се организирање ликовна колонија во мешан етнички состав со учениците од ООУ "Александар Урдаревски"-Сандево и од ООУ "Св.Кирил и Методиј"- Кучевиште. Организатор на ликовната колонија е „Партизански дом“ –Сандево, а темата е „Погледот од моето училиште“.

Учениците од ООУ „Александар Урдаревски“ од с.Сандево и ООУ „Свети Кирил и Методиј“ од с.Кучевиште реализираа воннаставна активност од мултиетничка интеграција во образованието со ученици од македонска и српска национална припадност за одбележување на „Ноември-Месец на науката“ со заедничка работилница на тема „Самозаштита во случај на земјотрес“. Активноста има истражувачки карактер со цел да ги зближи учениците од македонска и српска националност

преку усвојување на содржини од програмата за самозаштита на учениците, односно препознавање основните знакови на опасност и барање помош на македонски и српски јазик во случај на несреќа или елементарна непогода .

Истотака на ден 08.11.2023 се реализирање краткотрајна МИО активност по наставниот предмет географија т.е. Работилница : Срби, српски јазик и религија и Македонци, македонски јазик и религија (изработка на хамер).

Во текот на второто полугодие се изготви апликација за проектот **„Промоција на безбедна училишна средина“** во органицазија на Коалиција на младински организации СЕГА, во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Првата Детска Амбасада во Светот „Меѓаши“ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации Скопје.

Дел од наставниците учествуваа во МИО проект со српската заедница Здружение на Срби- Тетово. Во рамките на проектот беа реализирани активности со ученици од српска и македонска национална припадност во Дом на културата „Кирил Пејчиновиќ“ во Лешок на 20.10.2023 година, 27.010.2024 година чествување на Св.Сава во манастирот Св.Никита. Учениците од 6-то и 7-мо одделение имаа можност за соработка, интрпретација на драма и хорско пеење под менторство на наставничките Зорица Силјаноска и Валентина Сурловска.

| **Заеднички активности со ученици од други училишта** | **Партнер- училиште** | **одд** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|---|---|
| Истражувачка активност „Лавиринт и Еко-патеки “<br>Одговорен наставник: Николина Ѓорчевска и Милена Мојсовска | ООУ,,Михаљ Грамено“-Блаце | VII | 6 | 6 |
| Работилница „Изработка на сувенири“<br>Одговорен наставник: Стефан Нешковиќ, Валентина Сурловска, Николина Ѓорчевска | ООУ,,Михаљ Грамено“-Блаце | VII | 6 | 6 |
| Работилница „Заштита од земјотреси“<br>Одговорен наставник: Николина Ѓорчевска, Стефан Нешковиќ | ООУ "Св.Кирил и Методиј", Кучевиште | VI-VIII | 4 | 4 |
| Ликовна колонија<br>Одговорен наставник: Стефан Нешковиќ | ООУ "Св.Кирил и Методиј", Кучевиште | VI-IX | 8 | 8 |
| Истражувачка активност „Лавиринт и Микробит“<br>Одговорен наставник: Павлинка Стоилковска и Милена Мојсовска | ООУ,,Михаљ Грамено“-Блаце | V<br>VII | 12 | 12 |
| Работилница: Срби, српски јазик и религија и Македонци, македонски јазик и религија (изработка на хамер)<br>Одговорен наставник: Благица Гогова | ООУ "Св.Кирил и Методиј", Кучевиште | VIII | 2 | 6 |
| Чествување на Св.Сава во манастирот Св.Никита.<br>Одговорен наставник: Зорица Силјаноска, Валентина Сурловска | ООУ "Св.Кирил и Методиј", Кучевиште | VI-VII | 12 | 12 |

Во текот на учебната година наставниците и учениците редовно учествиваат на Конкурси кои поддржуваат организирање активности за меѓуетничка интеграција на образованието. Исто така големо внимание се посветува и на подготовка и учество на натпревари, каде учениците демонстрираат вешнини од најразлични вештини.

Преку овие активности учениците во нашето училиште и наставниците ги зголемија и ќе ги зголемуваат знаењата и вештините за примена на активности за меѓуетничка интеграција во наставата и воннаставните активности, а со тоа се зголемува можноста за непосреден контакт меѓу учениците кои учат на различни наставни јазици.

Подетален опис и фотографии од активностите може да се погледнат на официјалната страна на училиштето.

Извештајот го подготви: Николина Ѓорчевска

## ***ИЗВЕШТАЈ од работата на Еко одборот во учебната 2023/24 година***

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**од работата на Еко одборот при ООУ „Александар Урдаревски“**
**во учебната 2023/24 година**

На почетокот на учебната година Еко одборот изготви план на активности предвидени за реализација. Истиот се состоеше од активности, време на реализација и тим на реализација. Наставниците во своите планирања ја планираа и реализираа еко интеграцијата во наставниот процес. Во текот на првото полугодие се спроведоа голем број на активности кои произлегоа од работата на Еко одборот.

Активности кои се реализираа во текот на учебната 2023/24 година се следните:

На 16.09.2023 година се одбележа светскиот ден за заштита на озонската обвивка. На учениците од училиштето им беше презентирана едукативна презентација за важноста на озонот со цел да се привлече вниманието за зачувувањето на озонот и поттикнување на најмалите да учествуваат во неговото зачувување. Учениците од дневниот престој цртаа цртежи и изработија плакат.

На 22.09.2023 година се одбележа меѓународниот ден без автомобили, каде учениците преку едукативна презентација се запознаа со бројните придобивки од движењето без автомобили – вклучително и намаленото загадување на воздухот, промовирање на пешачењето, како и возењето велосипед во побезбедна средина. Во училишниот двор, учениците од V до IX одделение, како и учениците од дневниот престој имаа повеќе активности кои вклучуваа користење на велосипед.
По повод 26 септември – светскиот ден за чисти планини, во нашето училиште се одржа првиот дел од ликовната колонија насловена како „ПОГЛЕДОТ ОД МОЕТО УЧИЛИШТЕ“ во соработка со ОЈУ Партизански дом Сандево. Учество земаа ученици од нашето училиште и ООУ „Свети Кирил и Методиј“ с. Кучевиште.
На 04.10.2023 година се одбележува светскиот ден за заштита на животните. Нашите ученици се вклучија во одбележувањето на овој ден со лични фотографии од своите домашни миленици. Целта на оваа активност е да се поттикне свеста кај децата за заштита на животните, чувството на хуманост, несебичност и емпатија кон животните.
На 09.10.2023 година се одбележа 8 октомври - меѓународниот ден за намалување на уништувањето на природата преку проследување на едукативна презентација за тоа како да ја заштитиме природата. Учениците имаа и вонаставна активност која развива алгоритамско размислување и свест за селектирање отпад.
На 13.10.2023 година учениците како и сите наставници беа на еднодневен есенски излет до манастирот „Свети Никита“ во с. Горњане, Скопска Црна Гора.  Главна цел е развивање на здравјето и здравиот начин на живеење, преку физички активности и престој на чист воздух.
На 16.10.2023 година се означи 15 октомври – меѓународниот ден на пешаците. Учениците преку едукативна презентација се потсетија на правилата на однесување и безбедност на пешаците во сообраќајот.
16 октомври е меѓународен ден на храната. Целта е подигнување на свеста за глобалниот глад и неухранетост и како може да се стави крај на овие проблеми. Светскиот ден на храната за 2023 година се фокусира на темата „Водата е живот, водата е храна. Никој не оставај зад себе.“ Темата има за цел да ја истакне критичната улога на водата за животот на земјата и водата како основа на нашата храна. Учениците од VII одделение се приклучија во одбележувањето на овој ден со меѓуодделенски квиз на тема „Здрава храна“.
На 17.10.2023 година во нашето училиште се одржа промовирање и запознавање со проектот „Од ѓубре до ѓубриво“ преку едукативна презентација со учениците од VI до IX одделение. Главна цел е формирање на групен компост и поттикнување на учениците да учествуваат во процесот на компостирање, односно процесот на селектирање отпад, собирање на органски отпад и негова преработка во компост.
На 2 (втори) февруари секоја година се прославува Светскиот ден на водните живеалишта (мочуришни предели, блата), денот кога на меѓународната конференија во иранскиот град Рамсар на бреговите на Каспиското Море во далечната 1971 година мочуришните предели добија значење, важност и утврдена вредност. Целта е да се подигне свеста за нив како извор на свежа питка вода и начините на кои можеме да ги обновиме и да го спречиме нивното уништување. По тој повод учениците од нашето училиште проследија едукативна презентација за Моноспитовско блато, кое се наоѓа во плодната струмичка

котлина под планината Беласица и е последното мочуриште во Македонија кое некогаш се простирало на површина од 5.000 хектари и било дом на праисториски растенија и животни. Денес, овој уникатен природен музеј во атарот на селото Моноспитово е распространет на 400 хектари и претставува засолниште на ретки видови флора и фауна. Ученичките Јана Балшиќевска и Ива Шаговска од 7А одделение изработија хамер за реката Вардар како водно живеалиште на многу растителни и животински видови.

Започнувајќи од 04.03.2024 година беше организирана серија од повеќе еко акции на ниво на одделенија заедно со одделенските раководители. Со чистење беше опфатена поблиската околина на нашето училиште.

На 21.03.2024 се одбележа денот на екологијата и пролетта со повеќе активности во нашето училиште: засадување на зимзелени и листопадни садници, уредување на зелената површина во дворот, садење цвеќе, уредување на зеленчуковата градина, засадување на нови градинарски култури, негување на овошните садници, чистење на дворот, изработка на еко пораки, еко цртежи и еко работилници.

На 22 Март и оваа година традиционално се приклучивме кон глобалното одбележување на светскиот ден на водата. По тој повод група ученици од VI до IX одделение го посетија изворот Лавовец кој се наоѓа во скопското село Глуво, на планината Карадаг на југозападните падини на Скопска Црна Гора, чија вода се користела уште во далечното минато. Целта на оваа активност е давање значење на водата, подигнување на свеста и рационално користење и штедење на водата, со цел да се подигне еколошката свест на учениците колку е потребна водата за животот на луѓето.

„Планетата против пластиката“ е темата за 2024 година за 22 Април кој глобално се одбележува како ден на планетата Земја. Учениците проследија едукативна тематска презентација. Ученичките Викторија Цимбировска и Марија Грујевска од IX-Б одд. изработија постери за Еко-катчето во училиштето. По повод овој ден, учениците од VI и VII одд. со свои лични фотографии ги прикажаа убавините на нашата планета.

На 15.05.2024 година се одбележа светскиот ден за заштита на климата каде што учениците имаа можност да гледаат неколку едукативни видеа во врска со заштитата на климата. Целта на оваа активност е развивање на еколошката свест за заштита на климата и грижа за природата.

На 30.05.2024 година учениците беа на еднодневен пролетен рекреативен излет до манастирот „Св. Богородица Пречиста“, во село Мирковци, Скопска Црна Гора. Целта на излетот беше да се запознае околината, да се посети манастирскиот комплекс „Св. Богородица Пречиста“, да се разгледа бујната вегетација и учениците да се дружат и рекреираат преку спортски активности.

На 31.05.2024 година се одбележа светскиот ден против пушењето преку едуцирање на учениците од IX одделение за цигарите и пушењето и нивното штетно влијание во секојдневниот живот. Целта е навременото согледување на штетните состојки и загрозувањето на индивидуалното здравје од употребата на цигарите

Програма „ЕКО УЧИЛИШТЕ“

**Координатор: Благица Гогова**

## Проект „Безбедност во училиштата“

Во соработка со МВР, БЈБ и СВР Скопје,а во врска со имплементирање на концептот „Полицијата поблиску до граѓаните„ нашето училиште е опфатено со проектот „Безбедност во училиштата“ .За таа цел во училиштето е формиран Клуб за превенција составен од ученици од повеќе паралелки со кои се реализираат предавања и работилници а истите ги спроведуваат службени лица од Полициска станица Мирковци.

Реализирани работилници во учебната 2023-2024 година;

1. 18.10.2023 год. работилница на тема Трговија со деца
2. 14.11.2023 год. работилница на тема Насилство –поим,видови,последици
3. 28.11.2023 год. работилница на тема Насилство на спортски настани
4. 12.12.2023 год. работилница на тема Употреба на пиротехички средства
5. 28.12.2023 год.работилница на тема Насилство преку социјални мрежи
6. 22.02.2024 год работилница на тема Семејно насилство
7. 06.03.2024 год работилница на тема Крени глас против врсничкото насилство
8. 29.03.2024 год работилница на тема Превенција од сајбер насилство

## ***Годишен извештај за работата на директорот во учебната 2023/2024 година***

Директорот на училиштето во согласност со законските прописи и статутот на училиштето, извршува раководна функција која бара темелен, сериозен и одговорен пристап во работењето.  Директорот го води училиштето во насока на трансформација и воведување иновации со цел подобрување на квалитетот на целокупната воспитно –образовна работа во училиштето.

Директорот активно учествува во планирањето на работата на училиштето, го води педагошкиот процес во училиштето, воспоставува организациска позитивна училишна клима и амбиент во кој ќе се реализира работниот процес и е одговорен за реализацијата на Годишната програма на училиштето.

Директорот е оној што треба најмногу да придонесе училиштето да одговори со предизвиците со кои секојдневно се среќава и да ги поддржи вработените во постигнувањето на поставените цели. Тоа, е личноста која се грижи за позитивната слика што тој и училиштето го оставаат во околината. Директорот е посветен да работи во интерес на учениците и во прв план ги става нивното учење и благосостојба. Тој верува дека училиштето може да придонесе максимално да се развијат потенцијалите на учениците и посветено работи на постигнување на таа цел. Верува дека учениците сакаат да учат и дека учениците кои се заинтересирани, мотивирани, сигурни во себе, прифатени од вработените во училиштето и од соучениците може да постигнат високи резултати. Затоа директорот настојува работата во училиштето да ја организира така што сите ученици во училиштето ќе се чувствуваат добредојдени. Темелејќи ја својата и работата на другите врз почитувањето на човековите права, свесен за различностите кај учениците и нивните родители, директорот се залага тие да бидат прифатени и почитувани од сите вработени во училиштето... Директорот во училиштето ја има главната улога и треба да гради култура на доверба и заемно почитување на вработените, учениците, родителите и пошироката заедница. Директорот треба се води

од начелото за одговорно и транспарентно работење. Тој треба да се смета себеси за одговорен за преземените акции и донесените одлуки. Работата на директорот треба да е насочена кон унапредување на сите сегменти на воспитно образовната работа и целосно остварување на целите и задачите на воспитанието и образованието.

Врз основа на член 110 и член 111 став 1 од Законот за основно образование (Сл. весник 161/19) Директорот на основно училиште во рамките на своите надлежности како и програмата за работа своето раководење го базираше на следните сегменти од раководењето во основното училиште:

***1. ВОДСТВО***

1.1. Стратешко водство
1.2. Училишна клима и култура
1.3. Соработка со родителите и заедницата

***2. РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ***

2.1. Комуникација и односи со јавноста
2.2. Унапредување на меѓучовечките односи
2.3. Професионален и кариерен развој
2.4. Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање

***3. ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО***

3.1. Планирање
3.2. Поддршка на наставата и учењето
3.3. Обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација и развој)
3.4. Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот

***4. ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ***

4.1. Раководење со финансиските ресурси
4.2. Раководење со материјалните ресурси

***5. ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО***

5.1. Примена на законски и подзаконски акти
5.2. Изработка и примена на интерни акти и документација

5.3. Раководење со административните процеси
5.4. Примена на информациските системи во училиштето

Врз основа на сето горенаведено Работата на директорот на училиштето беше насочена и ги реализира следните цели и активности :

- изготвување на  сопствена програма за работа, како и Годишниот извештај на училиштето;
- организација на работата на училиштето: обезбедување тековни услови за работа во училиштето (ситни поправки, редовна и навремена набавка на канцелариски материјали, средства за одржување хигиена, учебници и потребна литература, наставни средства и помагала, обезбедување на ИКТ опрема и ставање во функција на истата, обезбедување стабилен оптички интернет, набавка на потребни материјали за работа), тековно одржување и сл.;
- подобрување на условите во училиштето(реновирање на тоалети,  реновирање на фискултурната сала , увид во работите за доградба на училиштето), реновирање на влезот , патека и хортикултурно уредување на задниот дел  од училишниот двор.
- тековно се одржуваше училишниот двор, во соработка со ЈКП Чучер Сандево и општествено одговорни лица се обнови зеленилото набавени и засадени се  околу 100 садници  и се одржуваат   истите
- административно-организациони работи;
- распоред на часови
- организирање хуманитарни акции за  ученици од социјално ранливите семејства
- организирање на Патрониот празник на училиштето во живо со учениците од 1 до 9 одд, родителите градоначалникот на општината, претставници од локалната самоуправа,донатори и општествено одговорни компании и лица,директори на други училишта и институции во општината
- со поддршка од општина Чучер Сандево набавени се 3 проектори,  1 колор принтер
- Со подршка од општествено одговорните компании опремени се  две училници со ноб мебел кабинет  донирани се  2 проектори
- тековно одржување на видео надзорот;
- осигурување на имот, осигурување на ученици и вработени,
- следење на работата на наставниците и другите вработени; работата на наставниците: наставни планови и програми, наставните часови, работата на стручни активи, јавна и културна дејност, професионално усовршување на наставниците , следење на приправници, континуирано следење на пополнување на е- дневникот, одделенски дневник, главните книги. Посета на часови, следење на часови, предавања. Следење на работата на технички персонал.
- Следење на работата на социолог, библиотекарот и специјален едукатор и рехабилитатор
- следење на работата на технички персонал, хаусмајсторот  и  парноложачот;

- сопствено професионално усовршување преку посета на семинари, работни посети во земјава, вебинари;
- редовно свикување на одделенски и наставнички совет, планирање и водење на истите;
- следење и вршење увид во финансиското работење на училиштето и реализирани јавни набавки;
- соработка и комуникација со вработените, учениците, родителите и други субјекти;
- континуирана соработка со општина Чучер-Сандево, со градоначалник на Општина Чучер-Сандево , со основните училишта на ниво на општината, со Секторот за образование на Општина Чучер-Сандево, сектор за јавни набавки, за урбанизам, за финансии, МОН, БРО ДИЦ, ДПИ, полиција;
- давање насоки и увид и во изготвување на податоци за веб страната;
- следење и информирање за измени во закони и други прописи;
- работа со Советот на родители (тековно информирање за работата на училиштето: запознавање со годишната програма за работа на училиштето, запознавање со извештаите за работата на училиштето од сите квалификациони периоди, организација и соработка при реализација на програмата...);
- соработка со УО, со МОН и БРО, општина и други стручни институции во градот, невладини организации, невладиниот сектор;
- континуирано тековно одржување на училишната зграда;
- решавање тековни проблеми- ученици, наставници, родители;
- работа на еко проект; организирање еко акции во училиштето и околината
- размена на искуства и информации со други директори- организирани состаноци;
- поддршка и организација на програмата за грижа за здравјето на учениците и вработените;
- поддршка и овозможување учества на натпревари, посети и сл.;
- организирање и изготвување алманах , табло и прослава за полуматурантите по предлог на родителите од деветтите одделенија;
- организирање изготвување училишен весник на училиштето;
- организирање на априлијада

- Организирање на предновогодишен хууманитарен хепенинг(приредба и базар)
- Организирање на прослава по повод Нова Година и поделба на пакетчиња во соработка со општината и градоначалникот
- организирање на работата на наставниот кадарследење на планирањата и ре,ализацијата на наставата
- секојдневно следење на состојбата со хигиената во училиштето, лоцирање на дефекти и навремено отстранување на истите, како и почитување на протоколите од страна на сите вработени и ученици во училиштето;

- набавка на книги и изготвување пофалници за полуматурантите кои покажале континуиран одличен успех од прво до деветто одделение и наградување на првенецот на генерацијата;
- организирање редовен попис, редовно извршување на ДДД, редовна контрола и полнење на ПП апарати и хидранти...
- соработка со ОУРЦ,, Иднина''
- Остварена соработка со Српскиот културно информативен центар СПОНА
- Остварена соработка со Макпетрол
- Остварена соработка со Црвен крст
- Остварена соработка со АЦТ Македонија
- Остварена соработка со Фондацијата Песталоци

***Директор :м-р Сузе Велковска Радевска***

## ***Годишен извештај на стручниот соработник – социолог/педагог за учебната 2023/2024година***

| **Реализирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** |
|---|---|---|
| | **Подрачје 1:Работасоученици** | |
| Организиција и реализација на различни видови и ндивидуална и групна работа со учениците за прашања поврзани со учењето,уапехот,системот на вредности | Во текот на цела учебна година | Социолог<br>Наставници |

| | | |
|---|---|---|
| Следење, идентификација и работа со ученици кои имаат проблеми со успехот,редовноста и дисциплината | Во текот на цела учебна година | Стручна служба<br>Наставници |
| Следење, идентификација и работа со ученици кои имаат проблеми со<br>планирање на слободното<br>време, со прилагодувањето и асоцијалноста; | Во текот на цела учебна година | Стручна служба<br>Наставници |
| Прибирање информации за работата и однесувањето на учениците преку следење на наставата | Во текот на цела учебна година | Наставници |
| Реализирани работилници и други активности со ученици за превенција на различни теми поврзани со физичкото и менталното здравје(пр. зависност, диети, справување со стрес,справување со насилство,булинг, асоцијално однесување, справување со дискриминација и сл.); | Октомври 2023 | Ученици<br>Стручна служба |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Подрачје 2 : Работа со наставници** | | |
| Следење на наставата и за различни аспекти кои се набљудувани давање повратна информација(писмена или усна)на наставниците; | Во текот на цела учебна година | Наставници<br>Стручна служба |
| Учество во работата на инклузивниот тим | Во текот на цела учебна година | Наставници<br>Стручна служба<br>Родители на деца со ПОП |
| Набљудување на однесувањето на учениците од паралелката за време на настава и одмори дава повратна информација на наставникот за подобрување на социо-емоционалната клима во училницата; | Во текот на цела учебна година | Наставници<br>Стручна служба |
| **Подрачје 3 : Работа со родители** | | |
| Советување на родители | Во текот на цела учебна година | Наставници<br>Родители |
| Информирање на родителите за услугите<br>Што училиштето и стручните соработници ги нудат за поддршка на учениците | Во текот на цела учебна година | Родители |
| Превземање со родителите за превентивни мерки за спречување нанегативното влијание на заедницата врз младите и за надминување на изразени тешкотии | Во текот на цела учебна година | Родители |

| | | |
|---|---|---|
| **Подрачје 4:СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА** | | |
| Учество во планирањето, реализирање и следење на активности меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците (посети,реализација на наставни и воннаставни активности); | Во текот на цела учебна година | Наставници<br>Стручна служба |
| Соработка со релевантни институции | Во текот на цела учебна година | Црвен крст Чаир<br>ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа<br>Поликлиника Чаир |
| **Подрачје 5: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | | |
| Учество во работата на тимот за професионален развој во училиштето; | Во текот на цела учебна година | Наставници<br>Стручна служба |
| Упатување на наставниците да користат различни ресурси за осовременување на наставниот процес; | Во текот на цела учебна година | Наставници |

| | | |
|---|---|---|
| **Подрачје 6 : АНАЛИТИЧКО–ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА** | | |
| Изработка на прегледи,анализи (споредбени,трендови) и извештаи на успехот,поведението,редовноста, опфатот и напредувањето научениците; | Во текот на цела учебна година | Наставници<br>Стручна служба |
| **Подрачје7:УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА** | | |
| Учество во изготвувањето на Развојна програма и Годишна програма за работа на училиштето | Јули,Август 2024 | Наставници<br>Стручна служба |
| Учество во организацијата на работата во училиштето (распоред,календар,<br>Распределба на учениците, планирање и програмирање | Септември 2023 | Наставници<br>Стручна служба |
| Учество во работата на<br>Ученичките организации | Во текот на цела учебна година | Членови на училишен парламент |
| Учество во организирање хуманитарни акции за помош на ученици од социјално ранливи категории | Во текот на цела учебна година | Наставници<br>Стручна служба |

| | | |
|---|---|---|
| Учество во изработка на Годишен извештај на училиштето | Јуни 2024 | Стручна служба<br>Директор |

***Стручен соработник социолог – Гордана Поповска Чанговска***
***Стручен соработник педагог  – Ангел Гиевски***

**Годишен извештај за работата на специјален едукатор и рехабилитатор во учебната 2023//24 година**

**ПОДРАЧЈЕ 1: ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА**

| **Реализирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Целна група** | **Постигнати цели и остварени ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на годишен извештај за сопствената работа | јуни,2023 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици, наставници и локална средина | Изработен годишен извештај |
| Изработка на сопствена годишна програма за учебна 2023/24 год. | Јули, 2023 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици, наставници и локална средина | Изработена годишна програма |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување годишна програма за работа на Училишниот инклузивен тим во учебната 2023/24 година. | Јули, 2023 | Училишен инклузивен тим | Ученици, наставници и локална средина | Изготвена програма за работа на Училишниот инклузивниот тим |
| Изготвување на акциски план за реализација на годишната програма за Училишниот инклузивен тим во учебната 2023/24 | Јули, 2023 | Училишен инклузивен тим | Ученици, наставници и локална средина | Изготвен акциски план за реализација на програмата на Училишниот инклузивен тим |
| **ПОДРАЧЈЕ 2: СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИ И ИНКЛУЗИВЕН ТИМ** | | | | |
| **Реализирана активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Целна група** | **Постигнати цели и остварени ефекти** |
| Состаноци со Училишниот инклузивен тим на училиштето | Септември, Октомври 2023 Јануари, Април, Јуни 2024 | Училишен инклузивен тим | Ученици, наставници и родители | 1.Ажуриран, регистарот на ученици со ПОП во учебната 2023/24 година; 2.Разгледан успехот и постигнувањата на учениците со ПОП во текот на првото тримесечие 3.Разгледан успехот и постигнувањата на учениците со ПОП во текот на првото полугодие во учебната 2023/24 година 4.Разгледан успехот и постигнувањата на учениците со ПОП во текот на третото тримесечие 5. Разгледан успехот и постигнувањата на учениците со ПОП за крајот на учебната 2023/24 година. |
| Едукативно предавање и работилница по повод 3 Декември ,,Меѓународен ден на лицата со попреченост" | Декември, 2023 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици од V одделение | Подобро разбирање за полето на попреченост, со фокус на правата на лицата со попреченост и придобивки кои ќе произлезат од процесот на интеграција и инклузија на овие лица во секој аспект на социјалниот, економскиот и културниот живот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Едукативно предавање и работилница по повод 21 Март ,,Светскиот ден на лицата со Даунов синдром" | Март, 2024 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици | Подигнување на свеста за лицата со Даунов синдром и запознавање со начинот на функционирање на овие лица и видот на поддршка и помош кои им се потребни со цел полесно интегрирање во средината. |
| Инструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со посебни образовни потреби: - поддршка во изготвување на ИОП-идентификување и конкретизирање на целите и задачите кои треба да се постават во истиот; - поддршка во определување на содржини кои ќе се обработуваат и кои можат да се постават пред ученикот; - давање насоки (групни или индивидуални консултации) за документирање на | Континуирано во текот на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор, наставници, УИТ | Наставници, учениците со попреченост и потешкотии во учењето | Наставниците се запознаени со специфичните методи за работа со ученици со посебни образовни потреби и им беше дадена континуирана поддршка во текот на учебната година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| постигнувањата на учениците со ПОП;<br>- помош и поддршка на наставниците за примена на индивидуализиран и диференциран пристап во работата;<br>- стручна помош на наставниците преку обуки за идентификување на учениците со ПОП и развивање стратегии за работа со нив. | | | | |
| **ПОДРАЧЈЕ 3: НЕПОСРЕДНА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ** | | | | |
| **Реализирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Целна група** | **Постигнати цели и остварени ефекти** |
| Опсервација со цел идентификување на ученици со посебни образовни потреби | Септември, 2023 | Одделенски и предметни наставници,стручна служба. | Ученици со ПОП | Во текот на опсервациите не е идентификуван ученик кој предходно не бил дел од регистарот на ученици со ПОП. |
| Дефектолошка проценка на учениците | Септември – Октомври, 2023 | Специјален едукатор и рехабилитатор и по потреба вклучување на стручни лица од | Ученици со ПОП | Спроведена е дефектолошка проценка на индивидуалните потенцијали на учениците со ПОП (15). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | соодветни институции. | | |
| Поддршка на учениците со ПОП во прво одделение во адаптирање на училишната средина | По потреба | Наставници, специјален едукатор и рехабилитато р | Наставници, учениците со ПОП | Учениците со ПОП добија соодветна поддршка во периодот на адаптирање и постигнуваат подобар успех (поддршка за време на час, индивидуална работа, насоки за работа споделени со наставникот) |
| Поддршка во училница на ученици со ПОП | По потреба | Наставници,с пецијален едукатор и рехабилитато р | Ученици со ПОП | Учениците полесно го следат и почесто се вклучуваат во воспитно - образовниот процес |
| Водење досие за секој ученик со ПОП | Континуирано во текот на годината | Наставници,с пецијален едукатор и рехабилитато р | Ученици со ПОП | Напредокот на учениците е евидентиран и следен во текот на учебната година, како и нивните постигнувања и тешкотии при усвојување на содржината |
| Индивидуална работа со ученици со ПОП (психомоторна реедукација, развој на социјални вештини и комуникација, вежби за надминување на потешкотиите во учењето: дискалкулија, диграфија и дислексија) | По потреба | Специјален едукатор и рехабилитато р | Ученици со ПОП | Во текот на индивидуалните сесии, реализирани во ресурсната просторија, учениците со ПОП подобрија дел од своите психомоторни способности и постигнуваат подобар успех во усвојување на наставните содржини. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество во комисијата за упис на првачиња во учебната 2023/24 година | Мај, 2024 | Стручна служба, Директор, Наставници, | Ученици со ПОП | Запишаните ученици со ПОП се соодветно распоредени во паралелките, согласно нивните способности и законската регулатива |
| **ПОДРАЧЈЕ 4: СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ** | | | | |
| **Реализирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Целна група** | **Постигнати цели и остварени ефекти** |
| - Инструктивно-советодавна работа со родителите на учениците (насоки за работа  дома);<br>- Запознавање со процесот на Инклузија<br>-Запознавање и вклучување во процесот на изработка на ИОП;<br>- Упатување на соодветни стручни установи согласно потребата на ученикот';<br>- Информирање на родителите на учениците со ПОП за нивните права, обврски и бенефиции кои можат да ги добијат и до | Континуирано | Наставници, стручна служба, УИТ | Родители на УПОП | Родителите беа информирани и вклучени во процесот на изготвување на ИОП. Со родителите беа споделени насоки за работа во домашни услови, со цел подобрување на академските и социјалните вештини на нивното дете<br>Родителите редовно беа известувани за постигнувањата на нивното дете.<br>Родителите беа информирани за стручни лица и сервиси за поддршка кои можат да ги добијат во заедницата, согласно потребите на нивното дете. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| релевантни институции за помош;<br>- Редовно информирање на родителите за напредувањето на нивните деца | | | | |
| **ПОДРАЧЈЕ 5: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ** | | | | |
| **Реализирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Целна група** | **Постигнати цели и остварени ефекти** |
| Соработка со здравствени установи и институции во полето на раното откривање, дијагностиката и третманот на учениците со посебни образовни потреби | октомври 2023,<br>април 2024 | Стручна служба, УИТ | Наставници, ученици и родители | 2 ученици беа упатени во Завод за ментално здравје на деца и млади и Центарот за функционална проценка и поддршка на деца и млади (МКФ) со цел добивање на дополнително стручно мислење за моменталното ниво на функционирање на учениците со ПОП.. |
| **ПОДРАЧЈЕ 6: ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ** | | | | |

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Постигнати цели и остварени ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Учество на обуки, семинари конференции , советувања органиизрани од БРО, МОН и др. Институции: | | | Стручни соработници, ученици, родители | Стекнати вештини и сознанија од одредените теми. |
| 1,,Примена на асистивната технологија како алатка за поддршка на инклузијата“ | 05.03-06.03.2024 | Здружение за асистивна технологија Отворете ги прозорците | | |
| 2. ,,Управување со менструалното здравје и хигиена” | 04.04.2024 | МОН | | |
| 3. „Унапредување на менталното здравје на адолесцентите“ | 22.04 - 23.04.2024 | БРО | | |
| 4. ,,Сензитивизација за инклузија” | 04.06.2024 | Здружение за асистивна технологија Отворете ги прозорците | | |

## Годишен извештај за работата на стручниот соработник-библиотекар за учебната 2023/2024 год.

Реализираните активности на библиотекарот во текот на учебната 2023/2024 год. произлегоа од планираните активности согласно со Програмата за работа на библиотекарот, како и од активностите поврзани со тековните потреби на наставниот процес и работата на библиотекарот. Во целост активностите на библиотекарот се поврзани со стручно – библиотечната и културно – јавната функција на училишната библиотека, како и воспитно-образовната дејност на училиштето. Библиотекарот ги реализираше следниве активности:

- Уредување на просторот на училишната библиотека;
- Прием на бесплатни учебници од проектот на Министерството за образование и наука и ажурирање на податоците во записници за прием на учебниците;
- Печатирање и доделување на учебниците на одделенските раководители, односно на учениците и евидентирање на соодветните податоци во записниците за доделување на учебниците;
- Следење на состојбата за оштетени учебници и нивна соодветна замена со нови учебници;
- Зачленување на членовите на училишната библиотека и запознавање со правилата и обврските на користење на книжниот фонд во училишната библиотека;
- Вршење на библиотекарски услуги на учениците и наставниците и уредно водење на библиотечната евиденција и документација за вршење на библиотекарски услуги;
- Иницијатива, водење и директно ангажирање за расчистување и средување на библиотеката и други помошни простории со неупотребливи и употребливи учебници;
- Изнајмување книги на учениците и наставниците;

- Преорганизација на книжниот фонд;
- Планирање за набавка на лектирни изданија и стручна литература;
- Евиденција (печатирање,инвертарирање и сигнирање) на новонабавени и подарени книги;
- Пласирање на детски списанија „Росица“ „Другарче“;
- Месечна нарачка на ужинка, издавање на уплатници и проверка на состојбата на уплата за ужинката.
- Одржување редовни состаноци со членовите на секцијата во просториите на училишната библиотека и реализација на програмските содржини;
- Присуство и учество на одделенските и наставничките совети како записничар;
- Инструктивна групна и индивидуална работа на учениците поврзана со изнајмените прочитани книги преку усна и писмена форма (препишување, раскажување, илустрација на прочитана содржина, рецитација, разработка на содржина и сл.)
- Примена на современи форми и методи на работа на училишната библиотека, односно организирани часови и предавања во библиотеката согласно со програмски содржини;
- Грижа за збогатување на книжниот фонд на библиотеката преку организирање на собирна акција во којашто учествуваат ученици, родители и наставници и организирање на собирна акција по моја иницијатива;
- Член на Тимот за самоевалуација;
- Посета на обуки, семинари и предавања на теми од формалното и неформалното образование;
- Нудење стручно-инструктивна поддршка на останатите стручни соработници и наставниците;
- Соработка со родителите и локалната средина преку разговори и медумска афирмација на училиштето;
- Замена за отсутни наставници на редовните часови преку реализација на програмски содржини на библиотекар (на пр.: пишување писмен состав, поттикнувањена љубов кон пишаниот збор и читањето)
- Сорабока со локалната самоуправа, надлежни институции и локалната заедница

- Поддршка при оганизирање на Предновогодишни приредби, приредби по повод Патрониот празник на училиштето;
- Одбележување на државните празници со читање на реферати;
- Месечно информирање за невратени книги;
- Евиденција на невратените позајмени книги во училишната библиотека;

- Организирање динамика на активности за враќањето учебници и водење електронска евиденција за истите (записници и формулари за враќање на учебниците)
- Водење на библиотекарската секција;
- Соработка со издавачки куќи и организирање средби со наши писатели;
- Реализирање на работилници (обработка на лектири) во одделенска и предметна настава.

***Стручен соработник- библиотекар, Маја Тапарчевиќ***

## *Извештај од работата на училишниот одбор во учебната 2023/24 година*

Училишниот одбор како орган на управување на училиштето своите седници ги одржува согласно потребите кои произлегуваат од работата на училиштето. Во учебната 2023/24 година одржани се вкупно 9 седници и сите се одржани со мнозинство членови. Седниците беа одржани со физичко присуство. Претседателот на УО ги закажува седниците три дена пред почетокот на седницата, по електронски пат и воедно им го доставува дневниот ред и потребниот материјал за работа на седницата на сите членови. Оваа учебна година на седниците присуствуваа и ученици претставници од ученичкиот парламент. На одржаните седници УО ја усвои Годишната програма на училиштето, Донесе одлуки за разни потреби поврзани со квалитетно функционирање на работата во училиштето, како на пример одлуки за формирање на разни комисии составени од наставниците и сл. УО во секој квартал од учебната година го разгледуваше и усвои успехот и поведението на учениците. Го разгледа и усвои Полугодишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2023/24 година. Го разгледа и усвои извештајот од интегралната евалуација спроведена во училиштето од 25.12.2023 до 27.12.2023 година и донесе Акционен план за отстранување на недостатоците и спроведување на препораките во извештајот. УО ги разгледа документите за прием на наставници доставени по оглас и до директорот даде мислење за прием на работници по објавениот оглас. Потоа ги предложи и усвои Финансовиот план и Планот за јавни набавки за 2024 година до основачот, ја усвои завршната сметка на училиштето и ја достави до основачот. **Училишниот одбор** беше во постојана соработка и комуникација со директорот на училиштето и локалната самоуправа, а сето тоа овозможи управувањето и раководењето на училиштето да биде на професионално ниво и во интерес на самото училиште. За спроведените активности постојат записници и одлуки во правна служба.

***Записничар,Наталија Копчаревска***

## ***Годишен извештај од работата на наставничкиот и одделенскиот совет во учебната 2022/23 година***

Во текот на учебната 2022/23 година одржани се 4 Одделенски совети за одделенска настава и 5 одделенски совети за предметна настава. На состаноците се разгледуваше успехот и поведението на учениците, реализацијата на наставниот материјал, изостаноци и поведение.

Оддржани се 15 Наставнички совети, 5 во текот на првото полугодие и 7 во текот на второто полугодие. На состаноците се усвојуваше успехот и поведението на учениците, реализацијата на наставниот материјал, изостаноци, поведение на учениците и тековните работи поврзани со наставата.Во текот на годината на Наставнички совет согласно процедурата, се изрекуваaa педагошки мерки на учениците. На состаноците на наставнички совет во учебната 2023/24 година беа определени ментори за приправници. Исто така наставничкиот совет донесе Одлука за давање предлог за полагање на приправнички испитна наставниците приправници.На Наставнички совет се организираа сите тимови и комисии за работа за учебната 2023/24 год. Согласно правилникот за награди и пофлаби беше прогласен и првенец на генерација.

## ***Стручни активи***

Во училиштето во текот на учебната година работеше и **стручен актив** на одделенската настава, стручен актив на природно-математичка група предмети и стручен актив на општествено-јазична група предмети.

- Одделенски стручен актив: Илинче Митева
- Општествено-јазичен актив: Зорица Силјановска
- Природно-математички актив: Николина Ѓорчевска

# Годишен извештај за работата на
# СТРУЧНИОТ АКТИВ НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКА ГРУПА ПРЕДМЕТИ
# во ООУ„Александар Урдаревски“-Сандево,Скопје
# за учебната 2023/2024 година

Природно-математички актив го сочинуваат сите предметни наставници од природно-математичка група предмети кои предаваат од V до IX одделение.

**Цели и задачи:** Услов за успешна и ефикасна работа е мотивирањето на наставниците за унапредување и подобрување на квалитетот на наставата и другите облици на воситно – образовната работа. Наставникот перманентно ги развива своите квалитети со цел да достигне и одржи висок квалитет на наставата во согласност со современиот образовен процес и неговите барања и потреби.

Во учебната 2023/24 година стручниот актив за природно-математичка група предмети одржа 18 состаноци на кои ги разгледуваа и решаваа тековните проблеми во согласност со програмата за работа на активот. Состаноците се реализираа со претходен договор со наставниците од активот, согласно предвидената програма за работа и дополнителни состаноци според потребите на наставниците.

| Бр. | **Содржини** | **Рализатор** | **реализација** |
|---|---|---|---|
| 1 | Разгледување и анализа на нагледните средства и помагала кои ги поседува училиштето за реализирање на настава од природна група предмети. | Сите членови на активот | 21.08.2023 |
| 2 | Разгледување и усвојување на програмата за работа на стручниот актив | Сите членови на активот | 29.08.2023 |
| 3 | Разгледување и анализа на распоредот за реализација на додатна и дополнителна настава. Договор за задавање домашни задачи на учениците според Упатството за задавање домашни задачи од БРО | Сите членови на активот | 15.09.2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Нагледен час – Практична примена на методите на активна настава со примена на ИКТ | Благица Гогова | 05.10.2023 |
| 5 | Разгледување и анализа на промените во Микро планирање на наставата<br>Дневните подготовки-наспроти Сценарио за час | Николина Ѓорчевска | 09.10.2023 |
| 6 | Нагледен час –<br>Животински клетки | Валентина Пешевска | 31.10.2023 |
| 7 | Анализа на постигнатиот успех на учениците во првото тромесечие по природната група предмети. | Сите членови на активот | 08.11.2023 |
| 8 | Нагледен час по хемија<br>„Што е соединение“ | Верче Славковиќ | 20.11.2023 |
| | Презентација на дадена тема<br>„Метод на правоаголници“ | Милена Мојсовска | 11.12.2023 |
| 10 | Реализација на воннаставни активности во прво полугодие | Сите членови на активот | 20.12.2023 |
| 11 | Анализа на полугодишните оценки од природна група предметии усвојување на извештајот за работа на стручниот актив за прво полугодие | Сите членови на активот | 16.01.2024 |
| 12 | Планирање, подготовка и учество на натпревари | Сите членови на активот | 07.02.2024 |
| 13 | Нагледен час по физика | Сузана Станиќевска Адамс | 22.02.2024 |
| 14 | Учество на општински и регионални натпревари<br>Меѓуодделенски натпревари | Сите членови на активот | 13.03.2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15 | Посета на современи лаборатории, Планетариум, Природно-научен музеј, Ботаничка градина, Народна банка, Хидро-метеоролошка станица, Противпожарна станица и сл. | Сите членови на активот | 25.04.2024 |
| 16 | Нагледен час по техничко образование и Информатика | Александра Ѓаковиќ | 16.05.2024 |
| 17 | Согледување на постигнатите резултати од реализираните натпревари | Сите членови на активот | 03.06.2024 |
| 18 | Анализа на постигнатиот успех на крајот на учебната година и реализација на наставната програма | Сите членови на активот | 19.06.2024 |

- И во текот на оваа учебна година во нашето училиште преку целата учебна година беше извршен инспекциски надзор од страна на инспекторот **Зоран Ристески–** инспектор при Државниот просветен инспекторат при МОН, со цел увид во тековната активност на директорот, стручната служба и наставниците во надзор на право на водење на педагошка документација и начинот на реализација на наставните часови.Оваа година во месец декември беше извршена и редовна интегрална евалуација од тим инспектори и раководител **Александар Панев.**
- Со цел подобрување на квалитетот во воспитно – образовната работа нашето училиште соработува со многу институции од кои една од нив е и Бирото за развој на образованието, каде се посетени обуки и дадени препораки за годишните наставни планирања и изведена е советодавна стручна работа во подобрување на квалитетот на воспитно – образовната дејност.

# Годишен извештај за работата на
# СТРУЧНИОТ АКТИВ НА ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИТАРНИТЕ ПРЕДМЕТИ
# во ООУ„Александар Урдаревски“-Сандево,Скопје
# за учебната 2023/2024 година

За работата на стручниот хуманитарен актив во училиштето ,,Александар Урдаревски,,за учебата 2023/24 година.
Во текот на учебната година стручниот хуманитерен актив работеше според планот . програмата и точно утврдените цели , задачи, и активности кои беа утврдени на почетокот на учебната година. и беа евидентирани со записник , архивиран во администрацијата на.
училиштето.
Во првото полугодие на месечно ниво со свои теми и дневни сценарија се претставија наставниците кои ги предаваат јазиците:македонски јазик , англиски јазик, француски јазик, германски и српски јазик.Беа посетени и часови од страна на членовите на активот и стручната служба..Во текот на второто полугодие со теми и дневни сценарија се претставија наставниците кои ги предаваат предметите::музичко образование, физичко и здравствено образование, ликовно образование и граѓанско образование.
На последниот состанок на стручниот хуманитарен актив, одговорниот наставник на активот Зорица Силјановска ги извести членовите дека активот во учебната 2023/24 година успешно работеше и беа исполнети целите, задачите и активностите кои беа предвидени за работа на активот во тековната учебна година.

.

**Претседател на активот:Зорица Силјановска**

# Годишен извештај за работата на СТРУЧНИОТ АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА во ООУ„Александар Урдаревски“-Сандево,Скопје за учебната 2023/2024 година

Оваа учебна година редовно се состануваше стручниот актив на одделенска настава и тоа :

1. Кристина Јаневска 1а одд.
2. Ана Гурмешевиќ 1б одд.
3. Јулијана Јакимовска 2а одд.
4. Гордана Димитриева 3а одд.
5. Наташа Кипријановиќ 4а одд.
6. Илинче Митева 4б одд.
7. Павлинка Стоилковска 5а одд.

Одговорен наставник на активот беше одделенскиот наставник Илинче Митева , а записничар Наташа Кипријановиќ.
Со давање на предлози и прифаќање на истите испланираа активности и можности за интеграција на проектите: Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Меѓуетничка интеграција во образованието.
Договор и усогласување на распоредот на часови за реализација на секции (клубови).
Договор за набавка и надополнување на наставни средства за реализација на наставата.
Договор за активности ( ученици, родители и наставници).
Планирање на активности на Еко патроли.
Анализа на постигнат успех на ученици по одделенија и предлози за подобрување на успехот во второ полугодие и анализа на постигнат успех на крајот од учебната година.
Предлагање на активности за унапредување на воспитната работа.
Договор за приредби и Патронат на училиштето.

Записничар:
Наташа Кипријановиќ

Одговорен наставник
Илинче Митева

***Годишниот извештај за учебната 2023/2024 година го изработија:***

- Сузе Велковска Радевска-директор

***Датум и потпис на директор***

27.06.2024

________________________________

***м-р Сузе Велковска Радевска***

***Потпис на претседател на УО***

________________________________

**Марина Пршевска**